РЕПЛЕК АД Скопје

Консолидирани финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024 и Извештај на независните ревизори

Скопје, март 2025 година

СОДРЖИНА:

	Страна
Извештај на независните ревизори	1 - 2
Консолидирани финансиски извештаи	
Консолидиран извештај за сеопфатната добивка	3
Консолидиран извештај за финансиската состојба	4
Консолидиран извештај за паричните текови	5
Консолидиран извештај за промените во главнината	6
Белешки кон консолидираните финансиски извештаи	7 - 33
Прилог 1 – Консолидиран годишен извештај	
Прилог 2 – Консолидирана годишна сметка	

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.forvismazars.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА
РЕПЛЕК АД Скопје

Извештај за консолидираните финансиски извештаи

Извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на РЕПЛЕК АД Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото или Матичното друштво“), и подружниците (во понатамошниот текст „Групацијата“), кои се состојат од консолидираниот извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2024 година, консолидираниот извештај за сеопфатната добивка, консолидираниот извештај за промените во главнината и консолидираниот извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајни сметководствени политики и останатите објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за консолидираните финансиски извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на консолидираните финансиски извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека консолидираните финансиски извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на консолидираните финансиски извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не и со цел изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Групацијата. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиски извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според наше мислење, консолидираните финансиски извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на РЕПЛЕК АД Скопје и подружниците на ден 31 декември 2024 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА
РЕПЛЕК АД Скопје (продолжение)

Извештај за други правни и регулаторни барања

Раководството на Групацијата е одговорно за подготвување на консолидираниот годишен извештај (прилог 1 кон консолидираните финансиски извештаи) и консолидираната годишна сметка (прилог 2 кон консолидираните финансиски извештаи) во согласност со Законот за трговски друштва и истите беа прифатени и одобрени од раководството на Групацијата и кои Групацијата е во обврска да ги поднесе до Централниот регистар на Република Северна Македонија. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на консолидираниот годишен извештај со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Групацијата. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани консолидирани финансиски извештаи што се применува во Република Северна Македонија. Според наше мислење, историските финансиски информации обелоденети во консолидираниот годишен извештај се конзистентни со консолидираната годишна сметка и приложените ревидирани консолидирани финансиски извештаи на Групацијата за годината што завршува на 31 декември 2024 година.

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор
Управител

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје • Друштво за ревизија
forvis mazars

Јане Иванов
Овластен ревизор

Скопје, 10 март 2025 година

РЕПЛЕК АД Скопје
КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
за годината која завршува на 31 декември

	Белешки	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Приходи од продажба	(8)	1.948.035	1.587.371
Останати приходи	(9)	56.135	33.879
Промени во залихи на готови производи и производство во тек		14.163	46.771
Набавна вредност на продадени стоки	(10)	(231.255)	(90.432)
Трошоци за материјали	(11)	(685.501)	(676.145)
Трошоци за вработените	(12)	(508.438)	(392.553)
Вредносно усогласување на нематеријални средства, недвижности, постројки и опрема	(17,18)	-	(232.830)
Усогласување до објективната вредност на вложувања во недвижности	(19)	(8.465)	249.008
Останати трошоци	(13)	(195.665)	(152.485)
Амортизација		(112.059)	(65.019)
Оперативна добивка		**276.950**	**307.565**
Финансиски приходи	(14)	2.816	3.416
Финансиски трошоци	(15)	(22.024)	(16.465)
Добивка пред оданочување		**257.742**	**294.516**
Данок на добивка	(16)	(33.546)	(13.888)
Добивка по оданочување		**224.196**	**280.628**
Останата сеопфатна добивка:			
- ревалоризација на недвижности, постројки и опрема		**-**	**513.987**
Вкупна сеопфатна добивка по оданочување		**224.196**	**794.615**
Заработувачка по акција (во МКД)*	(34)		
- основна (МКД)		**942**	**11.493**
- разводната (МКД)		**942**	**11.493**
Нето добивка што им припаѓа на:			
акционерите на матичното друштво		**224.196**	**280.628**

**Заработувачката по акција е под влијание на поделбата на обичните акции во сооднос 1:10, реализирана на 12 јули 2024 година, со што основната главнина се состои од 259.200 издадени и целосно уплатени акции (2023 година: 25.920 акции).*

Скопје , 28 февруари 2025 година

Потпишано во име на Управниот Одбор
Претседател
Душан Пецовски

Средства	**Белешки**	**2024 (000)МКД**	**2023 (000)МКД**
Нетековни средства			
Нематеријални средства	(17)	337.868	22.160
Недвижности, постројки и опрема	(18)	1.488.683	1.508.753
Вложувања во недвижности	(19)	398.696	407.161
Вкупно нетековни средства		**2.225.247**	**1.938.074**
Тековни средства			
Залиха	(20)	478.350	454.461
Побарувања од купувачи	(21)	400.257	179.313
Побарувања од државата	(22)	38.316	60.077
Пари и парични еквиваленти	(23)	110.073	243.230
Останати краткорочни побарувања и АВР	(24)	55.819	43.197
Вкупни тековни средства		**1.082.815**	**980.278**
ВКУПНИ СРЕДСТВА		**3.308.062**	**2.918.352**
Акционерска главнина и обврски			
Акционерска главнина	(25)		
Основна главнина		886.021	886.021
Сопствени акции		(72.160)	(72.160)
Премија од сопствени акции		(100.337)	(100.337)
Законски резерви		380.878	296.015
Ревалоризациони резерви		485.259	485.637
Акумулирана добивка		788.227	719.979
Вкупно акционерска главнина		**2.367.888**	**2.215.155**
Нетековни обврски			
Долгорочни кредити	(30)	183.669	98.067
Вкупно нетековни обврски		**183.669**	**98.067**
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачи	(26)	307.325	198.493
Обврски за даноци	(29)	21.433	16.709
Обврски спрема вработените	(27)	25	30.088
Краткорочен дел од долгорочни кредити	(30)	216.097	168.441
Краткорочни кредити	(30)	21.599	-
Останати краткорочни обврски	(28)	101.532	111.347
Одложени приходи (ПВР)	(31)	88.494	80.052
Вкупно тековни обврски		**756.505**	**605.130**
Вкупно обврски		**940.174**	**703.197**
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		**3.308.062**	**2.918.352**

	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Парични текови од оперативни активности		
Добивка пред оданочување	257.742	294.516
Прилагодувања за:		
Амортизација	112.059	65.019
Нето ефект од ревалоризација на нематеријални средства, недвижности, постројки и опрема и вложувања во недвижности	8.465	(16.178)
Неотпишана вредност на отуѓени средства	777	2.154
Вредносно усогласување на тековни средства	14.450	12.050
Расходи и кусоци	11.360	2.883
Расходи за камати	15.591	10.998
Останати усогласувања	(36)	-
Добивка пред промени во работен капитал	**420.408**	**371.442**
Залихи	(49.699)	(61.032)
Побарувања од купувачи	(220.944)	71.707
Останати побарувања и АВР	2.554	(18.469)
Останати краткорочни обврски и ПВР	(32.184)	60.075
Обврски спрема добавувачи	108.832	(64.798)
Платена камата	(15.591)	(10.998)
Платен данок	(21.490)	(22.091)
Нето парични текови од оперативни активности	**191.886**	**325.836**
Парични текови од инвестициони активности		
Набавка на недвижности, постројки, опрема и нематеријални средства	(410.989)	(104.920)
Отуѓување на нетековни средства	2.516	2.072
Нето парични текови користени за инвестициони активности	**(408.473)**	**(102.848)**
Парични текови од финансиски активности		
Приливи од / (Одливи по) заеми и кредити	154.857	(23.424)
Откуп на сопствени акции	-	(63.878)
Исплатени дивиденди	(71.427)	(49.417)
Нето парични текови од / (користени за) финансиски активности	**83.430**	**(136.719)**
Промена во пари и парични еквиваленти	(133.157)	86.269
Пари и парични еквиваленти на почеток на годината	**243.230**	**156.961**
Пари и парични еквиваленти на крај на годината	**110.073**	**243.230**

РЕПЛЕК АД Скопје
КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
за годината која завршува на 31 декември

Во илјади денари	Акционерски капитал	Сопствени Акции	Премија од сопствени акции	Законски резерви	Ревалориза-циони резерви	Акумулирана добивка	Вкупно
Состојба, 1 јануари 2023	886.021	(41.019)	(67.600)	390.445	(28.350)	394.338	1.533.835
Нето добивка за 2023 година	-	-	-	-	-	280.628	280.628
Распределба за законски резерви	-	-	-	42.118	-	(42.118)	-
Усогласување на резерви од вложувања во подружниците (Белешка 25в)	-	-	-	(136.548)	-	136.548	-
Откуп на сопствени акции	-	(31.141)	(32.737)	-	-	-	(63.878)
Распределба за дивиденда	-	-	-	-	-	(49.417)	(49.417)
Останата сеопфатна добивка по одаочување - ревалоризација на недвижности, постројки и опрема (Белешка 18)	-	-	-	-	513.987	-	513.987
Состојба, 31 декември 2023	**886.021**	**(72.160)**	**(100.337)**	**296.015**	**485.637**	**719.979**	**2.215.155**

Во илјади денари	Акционерски капитал	Сопствени акции	Премија од сопствени акции	Законски резерви	Ревалориза-циони резерви	Акумулирана добивка	Вкупно
Состојба, 1 јануари 2024	**886.021**	**(72.160)**	**(100.337)**	**296.015**	**485.637**	**719.979**	**2.215.155**
Нето добивка за 2024 година	-	-	-	-	-	224.196	224.196
Распределба за законски резерви	-	-	-	84.863	-	(84.863)	-
Распределба за дивиденда	-	-	-	-	-	(71.427)	(71.427)
Останато	-	-	-	-	-	(36)	(36)
Останата сеопфатна добивка по одаочување: - ревалоризација на недвижности, постројки и опрема (Белешка 18)	-	-	-	-	(378)	378	-
Состојба, 31 декември 2024	**886.021**	**(72.160)**	**(100.337)**	**380.878**	**485.259**	**788.227**	**2.367.888**

1. Општи податоци

Основната дејност на Групацијата Реплек (во понатамошниот текст: „Групацијата“) е промет на големо со лекови, помошни лековити средства и медицински помагала и производство на фармацевтски препарати.

Регистрираното седиште на Групацијата е во Скопје.

Вкупниот бројот на вработените во Групацијата изнесува 420 вработени (2023: 426 вработени).

Со Групацијата управува Управен Одбор кој се состои од четири члена, од кои еден го носи називот Генерален директор, и Надзорен Одбор составен од пет члена. Во текот на 2024 година, па се до потпишување на овие консолидирани финансиски извештаи, Генерален директор на Групацијата е Г-дин Душан Пецовски.

1.1. Подружници

Подружници се правни лица каде што матичното друштво има контрола врз финансиските и деловните политики и поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во тие друштва. Постоењето на и ефектот од поседувањето на гласачката сила се зема во предвид при одредувањето на тоа дали Друштвото има контрола над тие правни лица. Вложувањата на Друштвото во подружниците се евидентирани во посебните единечни финансиски извештаи на Друштвото според нивната набавна вредност.

Подружниците се целосно консолидирани во моментот на воспоставување на контрола над истите од страна на Друштвото. Подружниците се исклучуваат од консолидација во моментот на престанок на контрола од страна на Друштвото.

Приложените консолидирани финансиски извештаи ги вклучуваат финансиските извештаи на матичното друштво РЕПЛЕК АД Скопје и подружниците:

% НА УЧЕСТВО	2024	2023
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје	100%	100%
РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје	100%	100%
РЕПЛЕК д.о.о. БЕЛГРАД	100%	-

2. Основи за подготовка и презентација на консолидираните финансиски извештаи

Во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва (“Службен весник” бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 13/14, 41/14, 138/14 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/2018, 225/2018, 239/2018, 290/20, 215/21 и 99/22) правните лица во Република Северна Македонија имаат обврска да водат сметководство и да подготвуваат финансиски извештаи во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Северна Македонија.

На 29 декември 2009 година, донесен е нов Правилник за водење сметководство (“Службен весник” 159/09, 164/10 и 107/11) во кој се објавени Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), заедно со толкувањата на Постојниот комитет за толкување (ПКТ) и толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување (КТМФИ), утврдени и издадени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) заклучно со 1 јануари 2009 година. Овој правилник стапи во примена од 1 јануари 2010 година.

2. Основи за подготовка и презентација на консолидираните финансиски извештаи (продолжение)

До датумот на составување на придружните консолидирани финансиски извештаи, измените и дополнувањата на Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ/МСС“) и толкувањата на КТМФИ кои стапиле на сила за годишните периоди кои започнуваат после 1 јануари 2009 година не се во примена во Република Северна Македонија.

На 3 април 2024 година, донесен е нов Правилник за водење сметководство (“Службен весник” 75/2024) во кој се објавени Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), заедно со толкувањата на Постојниот комитет за толкување (ПКТ) и толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување (КТМФИ), утврдени и издадени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) заклучно со 1 јануари 2023 година. Овој правилник ќе стапи во примена од 1 јануари 2025 година, освен МСФИ 17 Договори за осигурување кој ќе се применува од 1 јануари 2028 година. Групацијата не очекува материјално значајни промени во консолидираните финансиски извештаи од примената на ажурираните стандарди.

Имајќи ги предвид потенцијално материјалните значајни ефекти од разликите помеѓу горенаведените сметководствени прописи кои се применуваат во Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди за финансиско известување, кои можат да имаат влијание на реалноста и објективноста на консолидираните финансиски извештаи на Друштвото, придружните консолидираните финансиски извештаи не можат да се сметаат за консолидирани финансиски извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Притоа, придружните консолидирани финансиски извештаи на Друштвото се прикажани во согласност со билансните шеми објавени во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка (“Службен весник” бр. 60/14), чиј сет на финансиски извештаи во поединечни делови отстапува од начинот на презентација на одредени биланси позиции предвидени со усвоениот МСС 1 – Презентирање на финансиските извештаи.

Придружните консолидирани финансиски извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст. Во составувањето на овие консолидирани финансиски извештаи Друштвото ги применува сметководствените политики наведени во белешката 3.

Износите содржани во консолидираните финансиски извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

2.1. Принципи на консолидација

Консолидираните финансиски извештаи ги опфаќаат извештаите на матичното друштво РЕПЛЕК АД Скопје и подружниците РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје, РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје и РЕПЛЕК д.о.о. Белград, кои се во 100% во сопственост на матичното друштво.

По потреба се извршени рекласификации на податоците обелоденети во консолидираните финансиски извештаи на подружниците со цел на усогласување на нивните сметководствени политики со политиките на матичното друштво.

Сите материјално значајни износи на трансакции настанати од меѓусебните деловни односи помеѓу матичното друштво и подружниците се елиминирани со постапките на консолидација.

2. Основи за подготовка и презентација на консолидираните финансиски извештаи (продолжение)

2.1. Принципи на консолидација (продолжение)

Консолидацијата на финансиските извештаи на друштвата е извршена на следниот начин:

- Се собираат поединечно салдата на сите позиции на средствата, обврските, капиталот, од билансот на состојба на 31 декември, како и приходите и расходите, од билансот на успех;
- Во целост се елиминираат салдата на побарувањата и обврските на 31 декември, кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамките на Групацијата;
- Во целост се елиминираат салдата на вложувањата на матичното друштво во зависните друштва (подружници) со состојба на 31 декември и салдото на делот од капиталот на тие друштва, кој се однесува на тие вложувања
- Се елиминираат приходите и расходите кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамките на Групацијата.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики применети при составувањето на овие консолидирани финансиски извештаи се следните:

3.1. Признавање на приходи

Приходите се признаваат во моментот на нивното настанување кога е веројатно дека ќе настане економска корист за Групацијата и кога истите може веродостојно да се измерат.

Приходите се искажани по фактурна вредност намалени за данокот на додадена вредност и намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати и се признаваат во моментот на нивното настанување кога е веројатно дека ќе настане економска корист за Групацијата и кога истите може веродостојно да се измерат и кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, со што Групацијата не задржува контрола врз продадените стоки.

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на извештајот за финансиска состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека Групацијата ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на извештајот за финансиска состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од дивиденди, капитални добивки од продажба на хартии од вредност, приходи од камати и курсни разлики.

Дивидендите се признаваат како приходи кога ќе се утврди правото за примање на истата. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.2. Признавање на расходи

Расходите се признаваат доколку е веројатно дека Групацијата има сегашна обврска, кога е веројатно дека ќе настанат одливи на економски користи и кога истите може веродостојно да се измерат.

Расходите за камати кои настануваат во врска со позајмувањето на средства или кредитирање од страна на други субјекти се признаваат во периодот во кој настануваат и за кои се однесуваат.

Данокот од добивка се пресметува и плаќа согласно прописите на Република Северна Македонија. Основа за пресметување на данокот за соодветниот даночен период претставува износот на разликата помеѓу вкупните приходи и расходи, коригирани за приходи и трошоци кои се неоданочливи или неодбитни при утврдувањето на оданочливата добивка. Стапката на данокот на добивка е 10%.

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Тековниот данок претставува очекувана даночна обврска за годината со примена на стапките на данок од добивка важечки на датумот на извештајот за финансиска состојба.

Одложениот данок се пресметува со примена на методот на обврски на временските разлики кои се јавуваат помеѓу сегашната вредност на средствата и обврските за целите на финансиско известување и износите на истите за целите на даночно известување.

Износот на одложениот данок се пресметува според важечките законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејство на датумот на извештајот за финансиска состојба.

На 31 декември 2024 година, Групацијата нема евидентирано одложени даночни средства и обврски, бидејќи нема оданочливи временски разлики на овој датум.

Законот за минимален глобален данок беше усвоен од Собранието на Република Северна Македонија и објавен во Службен весник на Република Северна Македонија на 3 јануари 2025 година. Со Законот е воведена минимална ефективна даночна стапка од 15%, применлива за групи на мултинационални компании и големи домашни групи со консолидирани годишни приходи што надминуваат 750 милиони евра, во 2 од последните 4 финансиски години. Овој закон се применува за фискалната година којашто започнува на 1 јануари 2024 година, односно првата година што подлежи на оданочување со минимален глобален данок е 2024 година. Првиот извештај „Пријавата на информации за дополнителниот данок “ за 2024 година треба да се достави до Управата за јавни приходи во рок од 18 месеци од крајот на првата фискална година и 15 месеци за годините потоа. За 2024 година, краен рок за поднесување на оваа пријава е 30 јуни 2026 година. Начинот на пресметување и наплата на квалификуваниот домашен дополнителен данок не е објавен до датумот на одобрување на овие финансиски извештаи, а треба да биде пропишан од Министерот за финансии до крајот на 2025 година. Соодветно, точните методи за пресметување и пријавување на дополнителниот данок, а кои важат за годината што завршува на 31 декември 2024 година, ќе бидат дополнително утврдени. Групацијата Реплек до 31 декември 2024 година не го исполнува условот за надминување на консолидирани годишни приходи од 750 милиони евра, во 2 од последните 4 финансиски години, поради што Групацијата не изврши пресметка и евидентирање на дополнителниот данок во консолидираните финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024 година.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.3. Пресметување на странски средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена.

Пресметка на сите побарувања и обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, по средниот курс важечки на денот на извештајот за финансиска состојба се врши на датумот на известување.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат.

Вредноста на користените странски валути на 31 декември 2024 и 2023 е следната:

	2024	2023
1 EUR	61,4950	61,4950
1 USD	58,8807	55,6515

3.4. Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата иницијално се евидентираат врз основа на набавната вредност при купувањето или стекнувањето. Набавната вредност на недвижностите, постројките и опремата ги содржи набавната цена намалена за рабатите и ценовните попусти, увозните давачки, сите неповратни даноци на набавката, како и сите директни трошоци кои придонесуваат за донесување на средствата во локација и состојба на нормално функционирање и остварување на задачите утврдени од страна на раководството.

До 31 декември 2023 година, последователното признавање на недвижностите, постројките и опремата се евидентираше според набавната вредност намалена за последователната акумулирана амортизација и последователната акумулирана загуба поради обезвреднување.

Заради обезбедување на поверодостојни и порелевантни информации во финансиските извештаи, почнувајќи од 31 декември 2023 година, по почетното признавање, недвижностите, постројките и опремата се евидентираат според ревалоризираниот износ, кој е објективна вредност на недвижностите, постројките и опремата на датумот на ревалоризацијата намалена за последователната акумулирана амортизација и последователната акумулирана загуба поради обезвреднување.

Во декември 2023 година, Групацијата ангажираше независен проценител заради проценка на недвижностите, постројките и опремата на 31 декември 2023 година. Согласно извештајот на проценителите, вредноста на недвижностите, постројките и опремата беше проценета на 1.491.127 илјади денари на тој датум. Во проценката не беа вклучени инвестициите во тек.

Согласно барањата на применливите Меѓународен сметководствен стандард МСС 8 Сметководствени политики, промена на сметководствени проценки и грешки и Меѓународен сметководствен стандард МСС 16, промената на сметководствената политика за последователно мерење на недвижностите, постројките и опремата не беше ретроактивно применета.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.4. Недвижности, постројки и опрема (продолжение)

Како резултат на промена на условите и околностите во работењето, Групацијата, исто така, врши тест на загуба за обезвреднување на нето сметководствената вредност на недвижностите, постројките и опремата со цел да се утврди дали истата е надоместлива.

Доколку се утврди дека нето сметководствената вредност на средството или на единицата која создава готовина ја надминува надоместувачката вредност, тогаш се врши усогласување до нивната надоместувачка вредност. Надоместувачка вредност на недвижностите, постројките и опремата е поголемата од нето продажната и употребната вредност.

При утврдување на употребната вредност се врши дисконтирање на проценетите идни парични текови на нивна сегашна вредност со користење на дисконтна стапка која што ги одразува тековните пазарни проценки за временската вредност на парите и специфичните ризици кои го карактеризираат одредено средство. За средствата кои немаат значаен придонес за создавање на независни парични текови, надоместувачката вредност се добива преку утврдување на вредноста на единиците кои создаваат готовина, а на кои истите им припаѓаат. Загубите од обезвреднување се признаваат во извештајот за сеопфатната добивка.

Амортизацијата се пресметува врз основа на пропорционална метода со цел набавната или ревалоризираната вредност на недвижностите, постројките и опремата да се амортизира во текот на нивниот проценет век на употреба.

Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација, применети на некои позначајни ставки од недвижностите, постројките и опремата за 2024 и 2023 година, според корисниот век што бил проценет до тој датум:

	2024	2023
Недвижности	2.1%-3%	1%
Постројки и опрема	6.7%-33%	5%
Транспортни средства	10%-25%	10-13%
Компјутерска опрема	10%-25%	5%
Мебел	6.67%-20%	10%

Во 2024 година годишните стапки се зголемени, како резултат на горенаведената проценка на 31 декември 2023 година, со која се промени и корисниот век на средствата.

Во случаите кога одредени делови учествуваат со значаен износ во набавната вредност на одредена недвижност, постројка или опрема, истите се амортизираат посебно. Средствата кои се класифицирани како расположливи за продажба или се вклучени во група на средства за отуѓување, не се амортизираат.

Добивките или загубите кои произлегуваат од отуѓувањето или повлекувањето од употреба на недвижностите, постројките и опремата се определуваат како разлика меѓу приливите од отуѓувањето и сметководствената вредност на средството и истите се признаваат како приходи или расходи во извештајот за сеопфатна добивка.

3.5 Нематеријални средства

Нематеријалните средства се состојат од софтвер, софтвер во подготовка и права. Нематеријалните средства се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и загубите поради обезвреднување. Нематеријалните средства во подготовка не се амортизираат, а применливите амортизациони стапки за правата и софтверот се од 6.7% - 20%.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.6 Вложувања во недвижности

Вложувањата во недвижности вклучуваат деловни објекти и инвентар што е во функција на објектите во сопственост на Групацијата кои се чуваат за да се заработуваат наемнини или за зголемување на вредноста на капиталот или за двете заедно. Вложувањата во недвижности почетно се мерат според нивната набавна вредност, вклучувајќи ги и трошоците на трансакцијата. По почетното признавање Групацијата ги мери вложувањата во недвижности според објективна вредност на средството на датумот на ревалоризација преку билансот на успех. Приходот од наемнини од вложувањата во недвижности се признава во извештајот за сеопфатна добивка по пропорционална метода во времетраењето на закупот.

3.7. Залихи

Залихите се вреднуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност.

Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивната сегашна состојба и локација и ги вклучува фактурната вредност, трошоците за превоз, царината и другите давачки со исклучок на данокот на додадена вредност. Нето реализационата вредност ја претставува проценетата продажна цена, намалена за трошоците за приготвување на залихите за продажба.

Обезвреднувањето на застарените и неупотребливи залихи се врши на товар на расходите.

3.8. Финансиски инструменти

Финансиските средства и финансиските обврски се признаени во Извештајот за финансиска состојба на Групацијата на денот на кој Групацијата станува договорна страна засегната од договорните одредби на финансискиот инструмент.

а) Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи се искажани според нивната номинална вредност намалена за исправка на вредноста при оценка дека делумната или целосната наплата на побарувањето повеќе не е веројатна . Сметководствената вредност на овие побарувања се намалува со исправка на вредност и признавање на трошокот во билансот на успех. Наплатените побарувања чија вредност е отпишана во претходни периоди се признаваат во билансот на успех како приход.

б) Финансиски обврски, кредити и заеми

Обврските, кредитите и заемите од банки и добавувачи иницијално се мерени според примените износи (т.е. номиналната вредност).

Последователно кредитите и заемите се вреднуваат според амортизирана набавна вредност врз основа на ефективната каматна стапка.

Обврските се класифицираат како краткорочни доколку се очекува да бидат подмирени во нормалниот деловен циклус на работењето на Групацијата, односно доколку доспеваат во период до 12 месеци од денот на финансиските извештаи. Сите останати обврски се класифицираат како долгорочни.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.8. Финансиски инструменти (продолжение)

в) Пари и еквиваленти на парични средства

Парите и паричните еквиваленти се водат во извештајот за финансиска состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, парите и паричните еквиваленти се состојат од готовина и парични средства на сметки во банки. Краткорочните депозити до 3 месеци се класифицирани како парични еквиваленти.

3.9. Користи за вработените

Краткорочни користи за вработените

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

Согласно законските одредби, Групацијата има право на распределба на дел од остварената добивка од претходната година за награди на менаџментот и вработените во Групацијата. Оваа распределба се врши согласно донесените одлуки на Собранието на акционери на Групацијата и истата се признава и евидентира како распределба на нето добивката, а не како расход согласно барањата на МСС 19 - Користи на вработените со оглед дека не се исполнети условите од МСС за нивно признавање како расход, а тоа се дека Групацијата нема дефинирани планови за учество на вработените во добивката, исплатата на наградите се менува од година во година и има различна висина на износот односно не може да се направи веродостојна проценка на износот на обврската за награди на крајот од тековната година.

Користи по престанок на вработувањето

Групацијата врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во националниот фонд и преку него до приватни пензиски фондови за поедини вработени. Групацијата нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Групацијата е обврзана да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Групацијата нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи и веројатноста за нивно настанување во моментов е мала.

3.10. Неизвесни средства и обврски

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Групацијата. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиките извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Групацијата. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот.

3. Основни сметководствени политики (продолжение)

3.11. Наеми

Наемот се класифицира како оперативен наем доколку не ги пренесува суштински сите ризици и користи кои се својствени за сопственоста.

Зависно од договорот расходите на наемот во целост се признаваат како трошок на периодот.

Приходите од наемот се признаваат со текот на времето согласно договорот.

3.12. Државни поддршки

Државните поддршки се признаваат во добивката или загубата на систематска основа во периодите во кои Групацијата ги признава како расходи поврзаните трошоци кои поддршките треба да ги надоместат.

Иницијално, со признавање на средството кое претставува државна поддршка Групацијата се признаваат одложени приходи под услов да постои разумна сигурност дека тие ќе бидат примени и дека Групацијата ќе ги исполни условите поврзани со давањето на поддршката. Износите на државна поддршка потоа се признаваат во добивките или загубите на систематска основа пропорционално распоредени низ животниот век на средството.

3.13. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Групацијата има сегашна обврска (правна или изведена) за која е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства и за која е можно веродостојно да се процени износот на обврската. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

3.14. Заработувачка по акција

Групацијата ја прикажува основната и разводнетата заработувачка по акција од обичните акции како поделба на нето финансискиот резултат за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондериранот просечен број на обични акции во текот на годината.

Разводнетата заработка по акција е пресметана со корекција на нето финансискиот резултат за годината која им припаѓа на имателите на обични акции и пондериранот просечен број на обични акции во текот на периодот за ефектите на сите потенцијално разводнети обични акции.

3.15.Споредбени податоци

Со цел да се одржи конзистентност со презентацијата во тековната година, одредени ставки беа рекласифицирани за компаративни цели. Таквите рекласификации не резултираа во значајни промени на содржината и формата на финансиските информации презентирани во консолидираните финансиски извештаи.

4. Управување со финансиски ризици

4.1. Фактори на финансиски ризици

Активностите на Групацијата го изложуваат на различни финансиски ризици: Пазарен ризик (вклучувајќи валутен ризик, ризик на фер пазарни вредности, каматен ризик и ценовен ризик), кредитен ризик и ризик на ликвидност. Групацијата управува со севкупниот ризик со фокусирање на непредвидливоста на финансиските пазари, со цел да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти на финансиските резултати на Групацијата.

Управувањето со ризици го спроведува самото раководство на Групацијата, односно Управниот одбор и управителите. Групацијата нема пишани политики за управување со ризици туку истите базираат на искуство и на усвоените практики од раководството.

4.2. Пазарен ризик

Ризик од промена на курсеви на валути

Ризикот произлегува од случај на зголемување на вредноста на еврото во однос на функционалната валута – денарот. Групацијата не користи финансиски деривативи за намалување на овој ризик бидејќи тие не се лесно достапни во Република Северна Македонија.

Сметководствена вредност во МКД на монетарните средства и обврски на Групацијата деноминирани во странски валути е како што следува:

	2024 **000)МКД**	**2023** **000)МКД**
Средства	295.079	241.513
Обврски	(107.513)	(99.251)
Нето (неусогласеност)	**187.566**	**142.262**

Односот денар – евро, кој има материјално учество во странските валути во 2024 година е стабилен без позначајни поместувања, што го држи овој ризик ниско.

Групацијата е изложена на курсни разлики од промената на странските валути.

4. Управување со финансиски ризици (продолжение)

4.2. Пазарен ризик (продолжение)

Ценовен ризик

Групацијата е изложена на ризик поради можна промена на цените на влезните ресурси (струја, наеми, одржување) со кои работи вклучувајќи ризик од застареност и обезвреднување на залихата и материјалните средства.

Ризик од промена на каматни стапки

Задолжувањата на Групацијата и промената на каматните стапки може да има влијание на резултатите на Групацијата пропорционално на зголемувањето на стапката.

Каматоносните и некаматоносните финансиски средства и обврски се презентирани подолу:

	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Финансиски средства - Некаматоносни		
Пари и парични еквиваленти	110.073	243.230
Побарувања од купувачи	400.257	179.313
Вкупно финансиски средства	**510.330**	**422.543**
Финансиски обврски – Некаматоносни		
Обврски кон добавувачи	307.325	198.493
	307.325	**198.493**
Финансиски обврски – Каматоносни		
Фиксна каматна стапка		
Кредити	48.270	65.823
	48.270	**65.823**
Променлива каматна стапка		
Кредити и позајмици	373.095	200.685
	373.095	**200.685**
Вкупно финансиски обврски	**728.690**	**465.001**

Анализа на сензитивноста на каматни стапки

Анализата на сензитивноста е одредена врз основа на изложеноста на Групацијата на промена на каматните стапки на финансиските инструменти на денот на извештајот за финансиска состојба. За финансиските инструменти со променливи каматни стапки, анализата е подготвена под претпоставка дека износите на крајот на годината биле непроменети во текот на целата година. При изготвувањето на анализата на сензитивноста на промените на каматните стапки, користено е зголемување или намалување на каматните стапки за 2 процентни поени, што претставува разумна процена на Раководството за можните промени на каматните стапки кај финансиските инструменти со променлива каматна стапка.

Доколку каматните стапки би биле повисоки/пониски за 2 процентни поени, а сите други варијабли непроменети, добивката на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 би била пониска, односно повисока, за 7.462 илјади денари (2023: 4.014 илјади денари).

4. Управување со финансиски ризици (продолжение)

4.3 Кредитен ризик

Кредитниот ризик се јавува од парите и паричните еквиваленти, депозити во банки и финансиски институции како и од доспеани ненаплатени побарувања.

На 31 декември 2024 година, најголем дел од побарувањата не се обезбедени со гаранции.

Со ризикот на побарувања од купувачи се управува преку интерно утврдени лимити на задолженост и следење на навременоста на плаќањата. Со ризикот кај банки се управува преку избор и следење на резултатите на избраната банка.

4.4. Ризик на ликвидност

Разумното управување со ризикот на ликвидност имплицира обезбедување постојан позитивен готовински тек за намирување на обврските во рок.

Раководството ја следи ликвидоносната резерва составена од готовина и еквиваленти како и можности за задолжување на основа на очекуваните готовински текови.

Групацијата смета дека односите со кредиторите се одржуваат на ниво кое му овозможува да ги подмирува обврските во договорените рокови.

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Групацијата со состојба на 31 декември 2024 година според нивната доспеаност:

	1 до 3 месеци (000) МКД	**3 до 6 месеци (000) МКД**	**6 до 12 месеци (000) МКД**	**над 12 месеци (000) МКД**	**Вкупно (000) МКД**
Добавувачи	303.596	-	-	3.729	307.325
Кредити	23.760	21.483	33.854	342.268	421.365
	327.356	**21.483**	**33.854**	**345.997**	**728.690**

Следната табела ја презентира договорната рочност на финансиските обврски на Групацијата со состојба на 31 декември 2023 година според нивната доспеаност:

	1 до 3 месеци (000) MKD	**3 до 6 месеци (000) MKD**	**6 до 12 месеци (000) МКД**	**над 12 месеци (000) МКД**	**Вкупно (000) МКД**
Добавувачи	198.493	-	-	-	198.493
Кредити	124.610	14.610	29.221	98.067	266.508
	323.103	**14.610**	**29.221**	**98.067**	**465.001**

4. Управување со финансиски ризици (продолжение)

4.5. Останати ризици

Групацијата е изложено и на други оперативни ризици кои постојано се следат и превенираат.

4.6. Управување со капиталот

Целта на управувањето со капиталот на Групацијата е да се обезбеди способноста за продолжување на операциите во континуитет и да се максимира повратот на акционерите преку одржување оптимална структура на капиталот која ќе ја минимизира цената на капиталот.

Како инструменти за оваа цел се одржување на односот на реинвестирани добивки и исплатени дивиденди во неопходните граници за одржување на ликвидноста, продажба на средства за елиминирање на проблематични долгови како и разумно управување со портфолиото на хартии од вредност.

Ризикот од финансирање се следи преку показателите за задолженост кои во 2024 и 2023 година се како што следува:

Раководството врши редовна анализа на задолжениоста:

	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Обврски по кредити	421.365	266.508
Пари и парични еквиваленти	(110.073)	(243.230)
Нето обврски кредити	311.292	23.278
Капитал	2.367.888	2.215.155
Нето обврски кредити/Капитал	13%	1%

5. Објективна вредност

Групацијата располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувањата од купувачи, вложувањата во подружници, обврските кон добавувачи и обврските по кредити, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност. Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски е одредена на следниот начин:

- објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котира ните пазарни цени;
- објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски се одредува во согл асност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на гото винските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и пону дени цени од деловните партнери за слични инструменти.

5. Објективна вредност (продолжение)

Сметководствената вредност во споредба со објективната вредност за годините што завршуваат на 31 декември 2024 и 2023 година е како што следува:

Во илјади денари

	31 декември 2024		31 декември 2023	
	Сметковод. вредност	**Објективна вредност**	**Сметковод. вредност**	**Објективна вредност**
Финансиски средства				
Пари и парични еквиваленти	110.073	110.073	243.230	243.230
Побарувања од купувачи	400.257	400.257	179.313	179.313
	510.330	510.330	422.543	422.543
Финансиски обврски				
Обврски кон добавувачи	307.325	307.325	198.493	198.493
Кредити и заеми	421.365	421.365	266.508	266.508
	728.690	728.690	465.001	465.001

Хиерархија на објективна вредност

Групацијата ги класифицира сите финансиски средства и обврски по објективна вредност користејќи хиерархија составена од параметри користени за утврдување на објективната вредност. Хиерархијата на објективната вредност ги содржи следниве нивоа:

а) Ниво 1 – Објективна вредност е утврдена со директно поврзување со цените на финансиските инструменти кои котираат на активниот пазар;

б) Ниво 2 – Објективната вредност е утврдена користејќи техники на проценка која вклучува параметри од активниот пазар, а кои можат да бидат директни преку цените или индиректно добиени преку цените;

в) Ниво 3 – Објективната вредност е утврдена користејќи техники на проценка која вклучува параметри кои што не можат директно или индиректно да се следат на активниот пазар или пак тие не се видливи.

Во периодот немаше префрлувања од Ниво 1 во Ниво 2. Парите и паричните еквиваленти се класифицирани во Ниво 1, додека побарувањата од купувачи, обврските спрема добавувачи и кредитите се класифицирани во Ниво 3.

6. Значајни сметководствени проценки и претпоставки

При примената на сметководствените политики на Групацијата, опишани во Белешка 3, Групацијата користи најдобри можни проценки и разумни претпоставки кои се однесуваат на сметководствените вредности на средствата и обврските кои не се јасно видливи од други извори. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите од историското искуство како и други фактори кои се сметаат за релевантни во дадените околности. Идните вистински резултати можат да се разликуваат од проценетите износи.

6. Значајни сметководствени проценки и претпоставки (продолжение)

Проценките и претпоставките повторно се проверуваат на континуирана основа. Повторното проверување на сметководствените проценки се признава во периодот во кој е извршена проверката доколку истата има влијание само на тој период или пак се признава во периодот на повторната проверка и во идните периоди доколку истата има влијание и врз тековниот и врз идните периоди.

Во продолжение се дадени клучните проценки кои се поврзани со идни, или други клучни извори на проценка на неизвесноста на датумот на извештајот за финансиска состојба, кои имаат ризик да предизвикаат материјално значајно коригирање на сметководствената вредност на средствата и обврските во идната финансиска година.

Објективна вредност

Објективната вредност на финансиските инструменти, за која нема активен пазар, е одредена со примена на соодветни методи на вреднување.

Групацијата го применува сопственото професионално расудување во изборот на соодветните методи и претпоставки. Техниките кои се користени при вреднувањето на објективната вредност на финансиските инструменти се прикажани во Белешката 5.

Корисен век на средствата

Амортизационите стапки се определуваат врз основа на предвидениот корисен век на употреба на недвижностите, постројките и опремата. Корисниот век на употреба се проверува еднаш годишно од страна на Групацијата врз основа на тековните проценки.

Обезвреднување на побарувањата од купувачи и другите побарувања

Обезвреднувањето на сомнителните побарувања се заснова врз проценетите загуби кои потекнуваат од неможноста на купувачите да ги исполнат своите договорни обврски. Проценките кои се користат при проценката на адекватноста на обезвреднувањето на сомнителните побарувања се старосната структура на побарувањата и историјата на отпис на побарувањата, кредитната способност на купувачите како и промените во нашите услови за плаќање. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на комитентите и идните готовински наплати.

7. Оперативни сегменти

Деловни сегменти

Групацијата е организирана во следните деловни сегменти:

- Фармација
- Медицина
- Трговија (останато)

Со издавањето на деловни објекти на подружницата РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје под закуп, дејноста преку сегментите Маркет и Угостителство беше прекината.

7. Оперативни сегменти (продолжение)

Деловни сегменти (продолжение)

Приходите од продажба по деловни сегменти се следниве:

	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Фармација	1.919.645	1.571.191
Трговија, угостителство и останато	28.390	16.180
Вкупно	**1.948.035**	**1.587.371**

Останатите приходи по деловни сегменти се следниве:

	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Фармација	-	-
Трговија, угостителство и останато	56.135	33.879
Вкупно	**56.135**	**33.879**

Географски сегменти

Република Северна Македонија е матична земја за Групацијата. Групацијата ги остварува своите продажби како на домашниот пазар, така и на странски пазари како што следува:

	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Северна Македонија	520.422	374.149
ЗНД	851.433	695.404
Африка и Близок Исток	259.580	195.872
Југоисточна Европа	214.758	209.991
Југоисточна Азија	51.476	31.047
Европска Унија	50.366	80.908
Вкупно	**1.948.035**	**1.587.371**

Информации за главни купувачи (над 10% од приход од продажба): три главни купувачи со учество од 11% до 14% од вкупните приходи од продажба (2023: три главни купувачи со учество од 12% до 17% од вкупните приходи од продажба).

8. Приходи од продажба

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Приходи од продажба во странство	1.427.640	1.213.222
Приходи од продажба во земјата	492.081	357.897
Приходи од наемнини	27.968	16.180
Останати приходи	346	72
Вкупно	**1.948.035**	**1.587.371**

9. Останати приходи

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Приходи врз основа на употреба на сопствени добра (производи, стоки) и услуги	11.280	6.375
Приходи од премии, субвенции, дотации и донации	2.742	1.795
Одобренија	16.654	9.271
Утовар, логистички услуги и ускладиштување	5.673	3.929
Префактурирани трошоци	1.824	6.518
Приходи од извршена физичко-хемиска и микробиолошка анализа	7.459	5.991
Останати приходи	10.503	-
Вкупно	**56.135**	**33.879**

10. Набавна вредност на продадени стоки

Набавната вредност на продадените стоки изнесува 231.255 илјади денари (2023: 90.432 илјади денари).

11. Трошоци за материјали

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Трошоци за суровини и материјали	641.486	633.543
Трошоци за енергија	27.822	26.311
Потрошени резервни делови	14.665	15.091
Трошоци за амбалажа и ситен инвентар	1.528	1.200
Вкупно	**685.501**	**676.145**

12. Трошоци за вработените

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Плати и надоместоци на плата (бруто)	456.100	370.621
Останати надоместоци за вработените	52.338	21.932
Вкупно	**508.438**	**392.553**

13. Останати трошоци

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Реклама, репрезентација и спонзорство	53.611	45.173
Трошоци за регистрација на лекови	3.102	7.152
Вредносно усогласување на тековни средства	14.450	12.050
Загуби врз основа на расходување и загуби од продажба на нетековни средства	777	1.041
Расходи и кусоци	11.360	2.883
Одобрени попусти, рабат, рекламации и дадени примероци	4.097	226
Останати услуги	14.685	11.801
Транспортни и ПТТ услуги	12.434	10.966
Услуги за одржување и заштита	9.730	11.382
Комунални услуги	4.336	3.960
Трошоци за осигурување	13.633	9.222
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	3.715	3.133
Даноци кои не зависат од резултатот	2.954	2.436
Казни, пенали, надоместоци на штети и друго	109	349
Консултантски услуги	16.495	2.643
Договори на дело	8.431	4.687
Останати расходи од работењето	21.746	23.381
Вкупно	**195.665**	**152.485**

14. Финансиски приходи

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Позитивни курсни разлики	2.816	3.416
Вкупно	**2.816**	**3.416**

15. Финансиски трошоци

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Негативни курсни разлики	6.433	5.579
Камати од работењето со неповрзани друштва	15.591	10.886
Вкупно	**22.024**	**16.465**

16. Данок од добивка

	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Добивка пред оданочување	257.742	294.516
Непризнати расходи	114.671	76.224
Пренесена загуба од претходни години	(37.050)	(211.859)
Консолидациони усогласувања	100	-
Даночна основа	**335.463**	**158.881**
Пресметан данок 10%	33.546	15.888
Даночно ослободување за дадена донација	-	(2.000)
Пресметан данок на добивка	33.546	13.888
Ефективна даночна стапка	13,02%	4,72%

17. Нематеријални средства

Опис (000) МКД	Права	Софтвер	Софтвер во подготовка	Вкупно
Набавна вредност				
Состојба, 1 јануари 2024	-	58.654	-	58.654
Набавки/Продажби	316.381	507	19.115	336.003
Состојба, 31 декември 2024	**316.381**	**59.161**	**19.115**	**394.657**
Акумулирана амортизација				
Состојба, 1 јануари 2024	-	(36.494)	-	(36.494)
Амортизација	(15.845)	(4.450)	-	(20.295)
Состојба, 31 декември 2024	**(15.845)**	**(40.944)**	**-**	**(56.789)**
Набавна вредност				
Состојба, 1 јануари 2023	-	40.495	-	40.495
Рекласификација	-	22.160	-	22.160
Обезвреднување	-	(4.001)	-	(4.001)
Состојба, 31 декември 2023	**-**	**58.654**	**-**	**58.654**
Акумулирана амортизација				
Состојба, 1 јануари 2023	-	(35.612)	-	(35.612)
Амортизација	-	(882)	-	(882)
Состојба, 31 декември 2023	**-**	**(36.494)**	**-**	**(36.494)**
Нето состојба, 31 декември 2024	**300.536**	**18.217**	**19.115**	**337.868**
Нето состојба, 31 декември 2023	**-**	**22.160**	**-**	**22.160**

Во текот на 2024, Друштвото ги зацврсти своите пазарни позиции преку обезбедување нови права и регистрации.

18. Недвижности, постројки и опрема

(000)МКД	Објекти и земјиште	Постројки и опрема	Инвестиции во тек	Вкупно
Набавна вредност				
Состојба, 1 јануари 2024	709.617	781.510	17.626	1.508.753
Набавки	416	13.413	61.158	74.987
Продажби	-	(3.175)	-	(3.175)
Пренос од инвестиции во тек	448	226	(674)	-
Расходувања	(124)	(183)	-	(307)
Состојба, 31 декември 2024	**710.357**	**791.791**	**78.110**	**1.580.258**
Акумулирана амортизација				
Состојба, 1 јануари 2024	-	-	-	-
Трошок за годината	(18.835)	(72.929)	-	(91.764)
Продажби	-	133	-	133
Расходувања	1	55	-	56
Состојба, 31 декември 2024	**(18.834)**	**(72.741)**	**-**	**(91.575)**
Набавна вредност				
Состојба, 1 јануари 2023	493.345	1.052.517	110.164	1.656.026
Набавки	22.685	64.970	1.188	88.843
Продажби	-	(753)	-	(753)
Пренос од инвестиции во тек	20.027	73.699	(93.726)	-
Пренос во вложувања во недвижности (Белешка 19)	(148.255)	(52.604)	-	(200.859)
Обезвреднување	-	(11.423)	-	(11.423)
Расходувања	(496)	(7.020)	-	(7.516)
Ефект од ревалоризација	322.311	(337.876)	-	(15.565)
Состојба, 31 декември 2023	**709.617**	**781.510**	**17.626**	**1.508.753**
Акумулирана амортизација				
Состојба, 1 јануари 2023	(82.623)	(215.260)	-	(297.883)
Трошок за годината	(4.856)	(59.281)	-	(64.137)
Продажби	1	5.532	-	5.533
Расходувања	2	904	-	906
Пренос во вложувања во недвижности (Белешка 19)	11.083	32.349	-	43.432
Ефект од ревалоризација	76.393	235.756	-	312.149
Состојба, 31 декември 2023	**-**	**-**	**-**	**-**
Нето состојба, 31 декември 2024	**691.523**	**719.050**	**78.110**	**1.488.683**
Нето состојба, 31 декември 2023	**709.617**	**781.510**	**17.626**	**1.508.753**

Согласно Извештајот за проценката на недвижностите, постројките и опремата, земјиштето е презентациски рекласифицирано како дел од вредноста на објектите бидејќи е во функција на дејноста на објектите. Групацијата поседува имотна документација за објектите, додека за дел од земјиштето под и околу објектите поседува документација за право на користење. Притоа постапката за комплетирање на имотната документација е во тек пред надлежните органи.

Недвижностите и дел од опремата на Групацијата се користат како обезбедување на обврските по кредити (Белешка 30).

19. Вложувања во недвижности

Вложувањата во недвижности во износ 407.161 илјади денари на 31 декември 2023 година, ја претставуваат нивната објективна вредност на 31 декември 2023 година утврдена од страна на овластен проценител (Белешка 18). На 31 декември 2024 година, Друштвото направи повторно мерење на вложувањата во недвижности, при што ги сведе до објективна вредност од 398.696 илјади денари. Притоа, усогласувањето за 8.465 илјади денари од претходната нето сметководствената вредност е извршено преку билансот на успех. Вложувањата во недвижности се однесуваат на функционално поделените објекти „Хубо маркет“ и „Ден и Ноќ“ и нивниот инвентар што е во функција на дејноста на закупецот.

20. Залиха

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Суровини и материјали на залиха	262.345	307.756
Залиха на резервни делови	18.945	16.215
Полупроизводи и готови производи	123.997	125.290
Залиха на трговски стоки	73.063	5.200
Вкупно	**478.350**	**454.461**

21. Побарувања од купувачи

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Побарувања од купувачи во земјата	169.858	107.133
Побарувања од купувачи во странство	236.269	78.922
Останати побарувања од неповрзани страни	8.123	6.739
Исправка на вредноста	(13.993)	(13.481)
Вкупно	**400.257**	**179.313**

21. Побарувања од купувачи (продолжение)

Структурата на побарувањата со 31 декември 2024 по доспеаност е презентирани во следната табела:

			(000)МКД
31 декември 2024	**Бруто изложеност**	**Исправка на вредноста**	**Нето изложеност**
До 1 година	399.389	-	399.389
од 1 - 3 години	1.061	(782)	279
над 3 години	13.799	(13.211)	588
Вкупно	414.250	(13.993)	400.257

Структурата на побарувањата со 31 декември 2023 по доспеаност е презентирани во следната табела:

			(000)МКД
31 декември 2023	**Бруто изложеност**	**Исправка на вредноста**	**Нето изложеност**
До 1 година	177.450	-	177.450
од 1 - 3 години	2.645	(782)	1.863
над 3 години	12.699	(12.699)	-
Вкупно	**192.794**	**(13.481)**	**179.313**

22. Побарувања од државата

Опис	**2024 (000)МКД**	**2023 (000)МКД**
Повеќе платен данок на додадена вредност	26.849	42.025
Повеќе платен данок на добивка	11.467	18.052
Вкупно	**38.316**	**60.077**

23. Пари и парични еквиваленти

Опис	**2024 (000)МКД**	**2023 (000)МКД**
Пари на трансакциски сметки во денари	51.260	80.612
Пари во благајна во денари	3	27
Пари на трансакциски сметки во девизи	58.724	162.288
Пари во благајна во девизи	86	303
Вкупно	**110.073**	**243.230**

24. Останати краткорочни побарувања

Опис	**2024 (000)МКД**	**2023 (000)МКД**
Дадени аванси	31.209	34.422
Однапред платени трошоци и пресметани приходи	24.561	8.526
Побарувања од вработените	49	249
Вкупно	**55.819**	**43.197**

25. Акционерски капитал

а. Основна главнина

По одлука на Собранието на акционери на 27 април 2022 година, Друштвото изврши откуп на 1.200 сопствени акции со номинална вредност од 41.019 илјади денари по купопродажна вредност од 108.619 илјади денари. Разликата помеѓу купопродажната и номиналната вредност во износ од 67.600 илјади денари беше призната директно во акционерската главнина.

Исто така, по одлука на Собранието на акционери на 26 април 2023 година, Друштвото изврши откуп на дополнителни 900 сопствени акции со номинална вредност од 31.141 илјади денари по купопродажна вредност од 63.878 илјади денари. Разликата помеѓу купопродажната и номиналната вредност во износ од 32.737 илјади денари беше призната директно во акционерската главнина.

Со одлука донесена на Собранието на акционери на 25 април 2024 година, Друштвото направи поделба на обичните акции и намалување на номиналниот износ во сооднос 1:10. Поделбата е направена на 12 јули 2024 година. На 31 декември 2024 основната главнина на Друштвото изнесува 886.021 илјади денари (2023: 886.021 илјади денари) и се состои од 259.200 издадени и целосно уплатени акции (Белешка 33) со номинална вредност од 56,24 ЕУР/акција. Обичните акции носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на управување со Друштвото (право на глас).

Следните акционери имаат сопственост над 5% од вкупно издадените акции со состојба на 31 декември 2024 и 2023 година:

	2024	2023
Г-дин Душан Пецовски	12,20%	12,04%
Настел ДООЕЛ	6,85%	9,38%
Сава пензиски фонд (отворен задолжителен и доброволен пензиски фонд)	6,88%	6,88%
Ситко Дооел Скопје	6,37%	6,37%
БИОТЕК ДОО	6,30%	6,30%
Г-дин Владимир Пецовски	6,35%	6,28%
РЕПЛЕК АД – сопствени акции	8,14%	8,14%

б. Сопствени акции

Матичното друштво може да стекнува сопствени акции со откуп, при што номиналниот износ на стекнатите акции, заедно со акциите што друштвото ги стекнало претходно не смее да надмине една десеттина од основната главнина и имотот на Матичното друштво не смее да се намали под износот на основната главнина и резервите коишто, според законските прописи или според статутот, мора да ги има и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите. Купопродажната вредност на откупените сопствени акции се признава директно во акционерската главнина. Сопствените акции мора да се отуѓат во рок од три години од денот на нивното стекнување, освен ако номиналниот износ на стекнатите акции, вклучувајќи ги и стекнатите сопствени акции, не надминува една десетина од основната главнина. Доколку сопствените акции не се отуѓат и истите претходно се понудени за продажба по пат на јавна понуда во пропишаниот рок, но продажбата не била успешна, тогаш сопствените акции без одлагање треба да бидат поништени. Кога поништувањето на сопствените акции доведува до намалување на имотот на друштвото под номиналната вредност на основната главнина, мора да се спроведе постапка за намалување на основната главнина.

25. Акционерски капитал (продолжение)

в. Законска резерва

Групацијата има задолжителна законска резерва, како општ резервен фонд, која се формира по пат на зафаќање на 5% од нето добивката. Издвојувањето се врши се до моментот додека резервата не достигне износ кој е еднаков на една десетина од основната главнина. До достигнување на законскиот минимум, оваа резерва може да се користи само за покривање на загуба, а кога ќе го надмине предвидениот минимум, вишокот може да се користи, по претходно донесена одлука на собранието на акционери, и за дополнување на износот утврден за исплата на дивиденди.

г. Ревалоризациона резерва

Ревалоризационата резерва се формира преку зголемување на вредноста на недвижностите, постројките и опремата како резултат на нивна проценка и последователно мерење по ревалоризациона вредност. Истата се намалува преку амортизација, обезвреднување, отуѓување или намалување на вредноста недвижностите, постројките и опремата при идни проценки.

26. Обврски спрема добавувачи

Опис	**2024 (000)МКД**	**2023 (000)МКД**
Обврски спрема добавувачи во земјата	199.812	99.242
Обврски спрема добавувачи во странство	107.513	99.251
Вкупно	**307.325**	**198.493**

27. Обврски кон вработени

Опис	**2024 (000)МКД**	**2023 (000)МКД**
Обврски за бруто плата	25	30.088
Вкупно	**25**	**30.088**

28. Останати краткорочни обврски

Опис	**2024 (000)МКД**	**2023 (000)МКД**
Обврски за примени аванси, депозити и кауции	98.744	109.566
Обврски врз основа на учество во добивката	2.664	1.657
Останати краткорочни обврски спрема неповрзани страни	124	124
Вкупно	**101.532**	**111.347**

29. Обврски за даноци

Опис	**2024 (000)МКД**	**2023 (000)МКД**
Обврски за данокот на додадена вредност	244	118
Обврски за данок на добивка	20.780	15.309
Обврски за персонален данок	409	1.282
Вкупно	**21.433**	**16.709**

30. Краткорочни и долгорочни финансиски обврски

Опис	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Краткорочни кредити во земјата	21.599	-
Краткорочен дел од долгорочни кредити	216.097	168.441
Долгорочни кредити	183.669	98.067
	421.365	**266.508**

Групацијата има одобрен Рамковен револвинг кредитен лимит врз основа на меница во износ од 13 милиони евра во 2024 година. Обврските се врз основа на следните договори и услови:

МКД '000 Одобрен кредит	Последна отплата	Каматна стапка	МКД '000 2024	МКД '000 2023
61.500	05.05.2025	3,27%	5.694	19.361
110.000	08.10.2025	4,23%	110.000	110.000
122.000	20.03.2029	4.23%	103.700	-
30.500	27.12.2029	4%	30.500	-
27.000	Револвинг	4%	27.000	-
61.000	20.10.2027	4,23%	38.407	51.963
92.000	21.09.2027	3,42%	48.270	65.823
61.500	05.05.2025	3,27%	5.695	19.361
30.500	23.12.2029	4,00%	30.500	-
30.000	31.10.2025	Реф.к.с. + 1,7%	21.599	-
Вкупно			**421.365**	**266.508**
Тековен дел			**(216.097)**	**(168.441)**
Краткорочни кредити			**(21.599)**	**-**
Нетековен дел			**183.669**	**98.067**

31. Одложени приходи (ПВР)

	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Одложено признавање на приходи врз основа на државни поддршки	39.275	41.478
Пресметани трошоци	21.660	38.304
Останати пасивни временски разграничувања	27.559	270
	88.494	**80.052**

На 31 декември 2024 година, Групацијата врши одложено признавање на приходи врз основа на државни поддршки во износ од 39.275 илјади денари (2023: 41.748 илјади денари) по договор за доделување на финансиска поддршка со Влада на РМ и Анекс кон истиот од 2019 година.

Финансиската државна поддршка е доделена заради реализирање на инвестициски проект на Групацијата. Групацијата истите ги признава на систематска основа и има евидентирно приходи од државни поддршки во износ од 2.742 илјади МКД (2023: 1.795 илјади МКД) колку што изнесува и амортизацијата за основните средства стекнати со државната помош (Белешка 9).

32. Примени стоки на чување

Со состојба на 31 декември 2024 година, Групацијата има примено стоки на чување во вкупен износ од 53.398 илјади денари (2023: 53.481 илјади денари). Овие стоки им припаѓаат на трети страни и се евидентираат вонбилансно во билансот на состојба на Групацијата.

33. Примање на органите на управување

Вкупните бруто годишни примања на Надзорниот и Управниот одбор во 2024 година изнесуваат МКД 35.707 илјади по основ на редовна плата и други примања.

34. Заработувачка по акција

	2024 (000)МКД	2023 (000)МКД
Нето добивка која им припаѓа на имателите на акции		
Нето добивка за годината	224.196	280.628
	224.196	**280.628**

	број на акции	
	2024	**2023**
Пондериран просечен број на обичните акции		
Издадени обични акции на 1 јануари	**259.200**	**25.920**
Ефекти од промени на бројот на обични акции:		
Сопствени акции	(21.110)	(1.503)
Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември	**238.090**	**24.417**
Основна заработувачка по акција (МКД)	**942**	**11.493**
Разводнета заработувачка по акција (МКД)	**942**	**11.493**

Со одлука донесена на Собранието на акционери на 25 април 2024 година, Друштвото направи поделба на обичните акции и намалување на номиналниот износ во сооднос 1:10. Поделбата е направена на 12 јули 2024 година. На 31 декември 2024 основната главнина на Друштвото се состои од 259.200 издадени и целосно уплатени акции (Белешка 25).

35. Дивиденда по акција

На годишното собрание на Друштвото коешто ќе се одржи во текот на 2025 година, ќе се изврши распределба на остварената добивка за 2024 година. Овие консолидирани финансиски извештаи не ја содржат оваа распределба, со оглед дека истата ќе биде искажана во консолидираниот Извештај за промените во главнината за 2025 година.

На годишното собрание на акционери во 2024 година, остварената добивка за 2023 година во износ од 158.328 илјади МКД е распоредена за исплата на дивиденда во бруто износ од 71.427 илјади денари, односно во бруто износ од 3.000 денари по акција, во законски резерви е распределен износ од 84.863 илјади денари, додека во акомулирана добивка останува износ од 2.038 илјади денари.

На годишното собрание на акционери во 2023 година, остварената добивка за 2022 година во износ од 59.666 илјади МКД е распоредена за исплата на дивиденда во бруто износ од 49.417 илјади денари, односно во бруто износ од 2.000 денари по акција.

36. Неизвесни обврски

Потенцијални и неизвесни обврски се евидентираат и прикажуваат во консолидираните финансиски извештаи доколку постои веројатност за идни одливи на средства кои вклучуваат економски користи и доколку постои можност за разумна проценка на износот.

А Судски спорови

Со датумот на билансот Групацијата има активни судски спорови (2023: има) како тужена страна.

Раководството смета дека не постојат потенцијални обврски врз основа на судски спорови кои треба да се прикажат во консолидираните финансиски извештаи. Вредноста на споровите изнесува МКД 941 илјади (2023: МКД 861 илјади).

Исто така, Групацијата се јавува како тужител во тужител во два судски спорови во износ од 22 милиони денари (2023: два судски спорови во износ од 22 милиони денари).

Б Банкарски Гаранции

Групацијата има потенцијални обврски по основ на издадени банкарски гаранции во износ од 16 милиони денари (2023: 15,5 милиони денари).

В Даночни обврски

Даночните обврски искажани во билансите не може да се сметаат за конечни, бидејќи даночната власт може да извршат преглед на деловните книги во рок од 5 до 10 години последователно по поднесената даночна пријава и можат да наметнат дополнителни даночни обврски и глоби. Дополнителните даночни обврски кои би произлегле од овие прегледи не можат да се утврдат од аспект на нивната веројатност и мерење.

37. Настани по датумот на консолидираниот извештај на финансиска состојба

Вложување во подружница

Матичното друштво основаше подружница во Сараево, Босна и Херцеговина, со назив РЕПЛЕК Д.О.О. Решението за регистрација е издадено од Општински суд Сараево на 31 јануари 2025 година. Дејноста на подружницата е поврзана со посредување во трговија специјализирана за одредени производи и групи на останати производи. Основачкиот влог на подружницата во која матичното друштво има 100% сопственост, изнесува 1.000 конвертибилни марки (БАМ).

Не постојат други значајни настани кои бараат обелоденување во овие консолидирани финансиски извештаи.

РЕПЛЕК АД Скопје

ПРИЛОГ 1 – КОНСОЛИДИРАН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

годишен

ИЗВЕШТАЈ

2024



replek
За мое добро.

Содржина

- **ЗА РЕПЛЕК**
  - МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ
- **ОБРАЌАЊЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР – ДУШАН ПЕЦОВСКИ**
- **КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ**
  - ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА РЕПЛЕК АД
  - ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
  - НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА
  - ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПЛЕК АД
  - КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ
- **ТРЕНДОВИ ВО ФАРМАЦЕВТСКАТА ИНДУСТРИЈА И СТРАТЕШКО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА РЕПЛЕК АД**
- **МАРКЕТИНГ И ПРОДАЖБА**
  - ГЛОБАЛНА СТРАТЕГИЈА И ПОЗИЦИОНИРАЊЕ
  - ДОМАШЕН ПАЗАР И ПОЗИЦИОНИРАЊЕТО НА РЕПЛЕК АД
- **ЕФИКАСНОСТ И ПЕРФОРМАНСИ: СТРЕМЕЖ КОН ОПЕРАТИВНА СОВРШЕНОСТ**
- **КЛУЧНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ**
  - ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ И УПРАВУВАЊЕ СО ИСТИТЕ
- **АКЦИОНЕРИТЕ ВО ФОКУС**
  - ДИВИДЕНДА
- **ИНВЕСТИЦИИ**
- **РАЗВОЈ И ГРИЖА ЗА ВРАБОТЕНИ И ИДНИ ГЕНЕРАЦИИ**
  - ГРИЖА ЗА ВРАБОТЕНИ
  - ГРИЖА ЗА ИДНИ ГЕНЕРАЦИИ
  - ГРИЖА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
- **БЛАГОДАРНОСТ И ПРИЗНАНИЕ**

ЗА НАС

РЕПЛЕК АД Скопје е акционерско друштво со традиција градена осум децении, специјализирано за производство и дистрибуција на фармацевтски производи. Друштвото се гордее со своето присуство на повеќе од 25 меѓународни пазари, потврдувајќи ја својата позиција како водечки извозник во регионот. Со над 400 вработени, компанијата е посветена на иновации и квалитет, осигурувајќи дека нејзините производи ги исполнуваат највисоките стандарди за безбедност и ефикасност.

Реплек датира од 1945 кога е основано од Министерскиот совет на Фередална Македонија како државен склад за лекови кој потоа прераснува во републичко претпријатие за лекови. Оттука потекнува и самото име на Реплек – републички лек. Реплек АД прераснува во акционерско друштво, од неговата приватизација во 1999 година, кога е регистрирано во Трговскиот регистар со решение ТРЕГ 9942/98, на 05.02.1999. Од овој момент, Реплек прераснува во водечки македонски бренд во делот на производство и дистрибуција на лекови.

Имено 2025 година е јубилејна година за Реплек, 80 години постоење!

Нашиот корпоративен идентитет е заснован на верувањето дека успехот произлегува од нашата способност да нудиме производи кои го збогатуваат животот. Ние сме посветени на развој на решенија кои го подобруваат долготрајниот квалитет на живеење, водејќи сметка за етичките стандарди и пристапи прилагодени кон современите потреби.

Нашата визија е секогаш да ги следиме потребите на нашите корисници, да ги следиме нивните животни навики, да креираме заеднички подобра иднина. Сето ова го правиме со огромна страст кон работата, кон истражувањето и со голема храброст да ги исполниме очекувањата на корисниците.

Работиме денес, за нашата заедничка добросостојба!

80 години | replek За мое добро.

МИСИЈА, ВИЗИЈА И ВРЕДНОСТИ

МИСИЈА

Нашата мисија е да бидеме предводник во областа на фармацевтската индустрија, обезбедувајќи висококвалитетни производи и услуги што ги збогатуваат животите на луѓето и придонесуваат за нивното здравје и добросостојба. Компанијата се стреми кон создавање на иновативни решенија кои ги задоволуваат потребите на пациентите и клиентите.

ВИЗИЈА

Визијата на РЕПЛЕК АД е да биде глобално призната и почитувана компанија, која постојано ги поставува стандардите за квалитет и иновација во фармацевтската индустрија. Компанијата се фокусира на континуиран раст и развој, со цел да го подобри квалитетот на животот на своите конзументи, вработени, клиенти и соработници.

ВРЕДНОСТИ

Вредностите на РЕПЛЕК АД се столбовите на нејзиниот корпоративен идентитет и вклучуваат посветеност кон тимско единство, етика, интегритет, транспарентност и одговорност. Наш императив е градење на силни односи со сите заинтересирани страни, преку непрекината посветеност кон одржливост, иновации и врвен квалитет на производите и услугите.

ОБРАЌАЊЕ ОД ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР НА РЕПЛЕК АД ДУШАН ПЕЦОВСКИ



Почитувани акционери, партнери, колеги и соработници,

Со огромна чест и задоволство ви го претставуваме годишниот извештај на Реплек АД - Скопје за 2024 година – година која беше исполнета со значајни успеси, стратешки одлуки и нови можности за раст и развој.

Изминатата година ни донесе многубројни предизвици, но и докажа дека преку иновативност, флексибилност и посветеност можеме да ги надминеме сите бариери. Благодарение на нашиот тим, партнерите и заедничките инвестиции во иднината, Реплек продолжи да се движи по патеката на одржлив раст, проширување и градење на стабилна позиција на меѓународниот пазар на фармацевтски производи.

Фармацевтската индустрија во глобални рамки се соочува со континуирани промени – од зголемените барања за квалитет и достапност на лековите, преку предизвиците во регулаторното усогласување, до брзиот развој на нови терапии. Реплек не само што успешно одговори на овие предизвици, туку и продолжи да го зацврстува своето присуство на постојните и да освојува нови пазари.

Горди сме што во 2024 година успеавме:

- Да го зацврстиме нашето присуство на пазарите каде што работиме и да продолжиме со успешната глобална експанзија;
- Да воведеме нови терапевтски решенија и производи што носат вредност за пациентите и здравствените професионалци;
- Да инвестираме во модернизација на производството, дигитализација и подобрување на работните услови, со цел поголема ефикасност и квалитет;
- Да изградиме силни партнерства и соработки што ќе ни овозможат стабилен и одржлив раст во иднина;
- Да продолжиме со вложување во знаењето и добросостојбата на нашите вработени, бидејќи тие се движечката сила на нашата компанија.

Врз основа на постигнатото во 2024 година, со оптимизам влегуваме во 2025 година, подготвени за нови предизвици и уште поголеми успеси. Нашите стратешки приоритети за наредната година вклучуваат:

- Лансирање на повеќе од 10 нови производи, со посебен фокус на терапии за мигрена, алергии, синузитис и женско здравје;
- Динамична експанзија на нови пазари и зајакнување на присуството на постојните пазари;
- Понатамошна дигитализација и автоматизација како дел од нашата стратегија за модернизација;
- Интензивирање на соработките со здравствените професионалци и партнерите, со цел подобрување на пристапот до квалитетни фармацевтски производи;
- Континуирана грижа за нашите вработени преку инвестиции во нивниот развој, добросостојба и мотивација.

Почитувани,

Она што го постигнавме во 2024 година е заслуга на целиот тим, на нашите партнери и на заедничката визија што нè води напред. Ви благодарам за вашата доверба, посветеност и поддршка.

Со нетрпение очекуваме да продолжиме заедно во 2025 година – година во која ќе поставиме нови стандарди, ќе ги искористиме можностите за раст и ќе ја зацврстиме улогата на Реплек како фармацевтски бренд на глобално ниво.

Со почит,
Душан Пецовски
Генерален директор и претседател на УО на Реплек АД - Скопје



01

КОРПОРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

Извештај од работењето на Надзорниот одбор на Реплек АД

Во текот на 2024 година, Надзорниот одбор на Реплек АД активно ја спроведуваше својата улога за надзор над работењето на Управниот одбор, усогласеноста со законите и прописите, како и спроведувањето на принципите на добро корпоративно управување.

Надзорниот одбор на Реплек АД е составен од следните членови:

- **Георгиевски Антонио,**
  Претседател на Надзорен одбор
- **Андреевски Петар,**
  Член на Надзорен одбор
- **Јанакиев Наум,**
  Член на Надзорен одбор
- **Крстевски Томислав,**
  Член на Надзорен одбор
- **Јужина Јана,**
  Независен член на Надзорен одбор

Секој член на одборот има значајно професионално искуство и експертиза во областа на финансии, управување и корпоративна контрола.

Во текот на 2024 година, Надзорниот одбор оддржуваше редовни квартални состаноци.

За време на своите формални седници, Надзорниот одбор ги разгледуваше и дискутираше сите важни прашања вклучително и неревидираните финансиски резултати и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година како и оние за периодот од 1 јануари до 31 март 2024; 1 јануари до 30 јуни 2024 и 1 јануари до 30 септември 2024.

По деталните анализи и проценки како и соодветно презентирање на резултатите од страна на менаџерскиот тим на Реплек АД, беа одобрени извештаите споменати погоре.

Како една од поважните активности на НО е и оценката и разгледувањето на бизнис планот за 2025 година како и предизвиците посочени за реализација на истиот. Проценката на НО е дека презентираниот бизнис план е согласно капацитетите на Реплек АД, визијата за креирање добросостојба за сите учесници како и во согласност со добрата пракса.

Во насока на проширување на активностите на Реплек АД и зацврстување на пазарната позиција во регионот Надзорниот одбор усвоил предлог одлука за отварање на подружници во Република Србија како и Република Босна и Херцеговина, со ова Реплек АД ги отвара првите претставништва надвор од земјата. Оваа одлука е во насока на поддршка на стратегијата на компанијата за очекуван годишен раст од 25% и зацврстување на пазарните позиции во регионот.

Посебен фокус на редовните седници на Надзорниот одбор се даде на резултатите од извештајот на Внатрешна ревизија врз основа на кој се дадоа низа препораки за подобрување на внатрешните процеси и зајакнување на контролите како и управување со ризиците. Надзорниот одбор го усвои полугодишниот извештај од Внатрешна ревизија како и ги разгледа кварталните извештаи за кои воедно оцени дека се квалитетно изработени, сеопфатни и објективни.

Надзорниот одбор ја оценува работата на Управниот одбор како успешна со тоа што утврди дека успешно е остварен финансискиот план на компанијата за 2024 година и потврди дека Управниот одбор се придржувал кон принципите на корпоративното управување.

Надзорниот одбор има за цел во следната 2025 година да:

- Продолжи со надзорот врз транспарентноста и ефикасноста на работењето.
- Поттикне дополнителни обуки за членовите на Управниот одбор.
- Обезбеди подобра комуникација со сите засегнати страни.

Надзорниот одбор целосно ги исполни своите цели и планирани активности. Составот на Надзорниот одбор, нивното искуство и знаење како и високи компетенции се во согласност со потребите на Реплек АД. Комуникацијата на Надзорниот одбор со менаџерскиот тим на Реплек, е во рамки на позитивната комуникација како и високо ниво на професионалност и без конфликт на интереси.

Внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија претставува независна организациска единица, воспоставена и организирана од страна на Надзорниот одбор на Реплек АД. Внатрешната ревизија ги извршува своите активности во согласност со Законот за трговските друштва, Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија, интерните политики и процедури, како и најдобрите ревизорски практики.

Примарна цел на Внатрешната ревизија е зголемување и заштитување на организациската вредност, преку обезбедување на објективно уверување, совет и увид, засновано врз ризиците во организацијата. Преку обезбедување независни и објективни услуги на уверување и советување, дизајнирани да додадат вредност и да го подобрат работењето на организацијата, Внатрешната ревизија му помага на Реплек АД да ги постигне своите цели воведувајќи систематски, дисциплиниран пристап за проценка и подобрување на ефективноста на процесите на раководењето, управувањето со ризиците и контролите.

Внатрешна ревизија ги извршува своите активности согласно Годишниот план за работа, кој е заснован врз ризиците во Друштвото. Со Годишниот план за работа се определуваат приоритетите на активноста на Внатрешната ревизија, согласно целите на Друштвото и истиот се одобрува од страна на Надзорниот одбор на Реплек АД.

Во текот на 2024 година, за сите реализирани ревизии Внатрешна ревизија подготви и достави до Надзорниот одбор и Менаџментот поединечни ревизорски извештаи, како и Полугодишен и Годишен извештај за работењето, согласно законските барања.

Согласно Годишниот план за работа за 2024 година, беа реализирани 8 ревизии (услуги на уверување), како и повеќе консултативни ангажмани (услуги на советување) и тоа во следните области: сметководство и финансова оперативa, корпоративно управување, управување со отпад, безбедност и здравје при работа, комерција, набавки, испораки кон странски партнери и контролинг.

Внатрешниот ревизор е во постојана, редовна и непосредна комуникација со членовите на Надзорниот одбор, како и зема учество на сите состаноци на Одборот на кои се разгледуваат информациите од работењето на Внатрешната ревизија. Внатрешниот ревизор е во постојана комуникација, соработка и интеракција и со Менаџментот и останатите вработени, а во насока на зголемување и заштитување на организациската вредност на Реплек АД.

Надворешна ревизија

Целта на надворешната ревизија е да обезбеди независна и објективна проверка и изразување на мислење за финансиските извештаи на друштвото, со цел да се утврди дали тие се подготвени во согласност со релевантните сметководствени стандарди и регулативи.

Надворешната ревизија е клучен дел од корпоративното управување, кој придонесува за доверливост, транспарентност и сигурност во работењето на акционерските друштва.

Собранието на акционери го избира независниот надворешен ревизор.

Овластениот ревизор не може да извршува други услуги за друштвото кои може да претставуваат закана за неговата објективност и независност во годината додека врши ревизија, како и најмалку во претходните две години.

Друштвото е должно да има ревизорско мислење за финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржување на собранието на акционери.

Управниот одбор е должен да му овозможи на овластениот ревизор увид во целокупната документација. Овластениот ревизор на финансиските извештаи поднесува извештај

за извршена ревизија според меѓународните ревизорски стандарди.

Собранието на Реплек АД на седницата одржана на 25.4.2024 година за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Реплек АД за 2024 година го назначи Друштвото за ревизија Мазарс Ревизија ДОО Скопје.

Извештај од работењето на Управниот одбор на Реплек АД

Управниот одбор во текот на 2024 година своите активности ги вршеше во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото, носеше одлуки за деловната политика и го водеше работењето на друштвото, стремејќи се да ги оствари поставените цели преку ефективно управување со ресурсите, спроведување на стратешките иницијативи и обезбедување долгорочна вредност за акционерите.

Во текот на 2024 година, Управниот одбор редовно се состануваше и одржуваше редовни седници. На своите седници беа донесени бројни одлуки во следниве области:

- Усвојување на годишниот бизнис план и буџет.
- Надзор над имплементацијата на стратешките иницијативи.
- Ревизија и усвојување на финансиските извештаи.
- Донесување одлуки за инвестиции и оптимизација на трошоците.

Управниот одбор на своите седници, еднаш во месецот го разгледуваше Билансот на успех и Готовинските текови на Реплек АД, Реплек Фарм и Реплек Маркет.

Исто така, Управниот одбор, во согласност со Законот за трговските друштва, ги разгледуваше неревидираните и ревидираните единечни и консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за неревидираните периодични финансиски извештаи за периодот 1.1. – 31.3.2024, 1.1. – 30.6.2024 година и 1.1. – 30.9.2024 година, при што оцени дека друштвото има остварено позитивни финансиски резултати.

Во согласност со Законот за трговски друштва и со Статутот на друштвото, Управниот одбор, во рамките на својата надлежност, донесе предлог-одлуки во согласност со предложениот дневен ред за годишното собрание на акционери на друштвото, што се одржа на ден 25.4.2024 година.

Врз основа на одлука на Акционерско собрание, Управниот одбор донесе одлука за сплит на акцијата на Реплек АД во сооднос 1:10. Целта на оваа одлука беше акцијата да биде поликвидна и подостапна како за постоечките така и за нови инвеститори.

Сè со цел да се обезбеди поефикасна и пофункционална организација, Управниот одбор донесе одлука со која се прифати новата Систематизација на работни места во компанијата со што се направи реорганизација која беше успешно спроведена во текот на 2024 година.

Во согласност со стратегијата на Реплек АД за награда на перформансот на вработените како и грижа и поддршка за своите вработени, Управниот одбор во текот на 2024 година ги донесе следните одлуки:

- Исплата на Бонус за остварени резултати
- Исплата на Велигденски додаток
- Исплата на Регрес за годишен одмор
- Исплата на Училишен додаток

Во областа на инвестициски проекти, Управниот одбор во текот на 2024 година донесе низа одлуки кои се во согласност со веќе утврдената 5 годишна стратегија. Имено, Управниот одбор донесе одлука за набавка на нова интегрирана производна линија за блистирање, картонирање и серијализација од реномиран европски бренд. Очекувањето е дека новата линија ќе биде целосно оперативна во првата половина на 2025 година што ќе придонесе кон зголемување на производните капацитети на компанијата како и подобрување на оперативната ефикасност.

Во насока на проширување на капацитетите на компанијата, Управниот одбор донесе одлука за отварање на сосема нов производствен погон за течни и полуцврсти фармацевтски форми. Истиот се очекува да биде пуштен во употреба во 2026 година, а оваа одлука претставува одговор на побарувачката на пазарот и следење на современите фармацевстки технолошки трендови.

Во поглед на дигитална трансформација Управниот одбор донесе одлука за имплементација на САП како ЕРП решение на компанијата. Се очекува овој проект да трае до средината на 2025 и почнувајќи од Јули 2025 Реплек АД да премине на САП како софтверско решение за планирање и следење на ресурсите.

Во насока на проширување на асортиманот на производи и зацврстување на својата позиција на пазарот, Управниот одбор донесе одлука за откуп на правата за ексклузивно застапништво на HealthAid производите. Ова право е обезбедено и се однесува на регионот Адрија. Со ова Реплек АД ја зацврстува својата пазарна позиција како во земјата така и во регионот.

Во насока на зацврстување на пазарната позиција во регионот, Управниот одбор донесе одлука за отварање на претставништво во Република Србија. Ова претставништво ќе започне со работа од почетокот на 2025 година. После согледување на пазарниот потенцијал Управниот одбор донесе одлука за отварање на второ претставништво надвор од земјата во Република Босна и Херцеговина. Со ова се очекува понатамошно зацврстување на позициите на компанијата во регионот како и поддршка на очекуваниот раст. Ова се први претставништва на Реплек АД надвор од земјата кои ја отсликуваат стратегијата на компанијата за понатамошен раст.

Управниот одбор донесе одлука со која го усвои Бизнис планот на друштвото и воедно даде насоки како истиот да се спроведе.

Бизнис планот содржи: Планирани продажби, поделба на продажбите по региони, планирано ниво на трошоци, план за вработени, план за капитални инвестиции, план за готовински текови како и планиран биланс на состојба.

Во насока на подобрување на контролите и намалување на клучните ризици, вклучувајќи финансиски, оперативни и регулаторни ризици, Управниот одбор донесе низа на одлуки за подобрување и зацврстување на процесите во компанијата сè со цел да се ублажат или елиминираат потенцијалните ризици.

Работата на Управниот одбор на Реплек АД, е во согласност со обврските предвидени со Законот за трговски друштва, Статутот на Реплек АД како и целосно усогласен со Кодексот за корпоративно работење на Македонската Берза, за компании кои котираат на Берзата. Управниот одбор на Реплек АД останува целосно посветен на реализирање на корпоративната стратегија, обезбедување одржлив развој и создавање вредност за акционерите.

Во поглед на планови за 2025 година Управниот одбор ги постави следниве приоритети за следната година:

- Зголемување на приходите преку проширување на пазарниот удел и проширување на производното портфолио.
- Инвестирање во дигитализација и автоматизација на процесите.
- Унапредување на односите со акционерите и засегнатите страни.

Вкупните бруто годишни примања на Надзорниот и Управниот одбор во 2024 година изнесуваат 35.707 илјади денари по основ на редовна плата и други примања.

Состав на Управниот одбор:

Во текот на 2024 година, Управниот одбор на компанијата беше составен од следниве членови:



Душан Пецовски
Генерален директор
Претседател на Управниот одбор



Коста Котески
Заменик генерален директор
Член на управниот одбор



Марјан Велковски

Оперативен директор

Член на управен одбор




Панче Гелевски

Директор за маркетинг и продажба

Член на управниот одбор

Секој член на Управниот одбор е искусен професионалец кој придонесува кон успешно водење на компанијата.



Кодекс на корпоративно управување

Врз основа на член 384-а од Законот за трговски друштва, Управниот одбор изјавува дека во Групацијата Реплек се применува кодекс за корпоративно управување донесен од страна на Реплек АД врз основа на законските прописи на РСМ. Кодексот е јавно достапен за сите вработени на огласната табла во просториите на компанијата, како и во електронска форма за интерна употреба.

Од донесувањето на Кодексот на ден 29.04.2020 година па сè до денес, не постојат случаи кои би укажале дека постојат отстапувања од правилата на кодексот за корпоративно управување, туку напротив, стремеж на компанијата е максимално да се почитуваат правилата со што се обезбедува успешно работење на компанијата, заштита на нејзините интереси како и интересите на вработените.



02

ТРЕНДОВИ ВО ФАРМАЦЕВТСКАТА ИНДУСТРИЈА И СТРАТЕШКО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА РЕПЛЕК АД


Глобалната фармацевтска индустрија во 2024 година

Глобалната фармацевтска индустрија во 2024 година забележа нагорен раст во употребата на лекови и растот на потрошувачката низ различни региони, создавајќи основа за силна експанзија во годините што следат. Прогнозите за потрошувачката за лекови до 2028 година се ревидирани нагоре, одразувајќи забрзани стапки на раст (CAGR од 5-8%) и достигнувајќи вкупна потрошувачка од 2,3 трилиони американски долари.

Глобалната фармацевтска индустрија се очекува да расте со просечна стапка од 2,3% до 2028 година.

Глобален раст на фармацевтската индустрија: 2018-2028

(Дневно дефинирана доза во милиони)



	CAGR % 2024-2028
Вкупно	2.3
Јапонија	0.6
Северна Америка	1.3
Кина	3.7
Африка и Среден Исток	1.6
Источна Европа	1.9
Западна Европа	3.5
Латинска Америка	1.1
Индија	1.9
Азија - Пацифик	3.4

Извор: IQVIA Institute, December 2023

Кина, Индија и другите азиски пазари се очекува да бидат двигатели на овој раст, додека Латинска Америка исто така ќе бележи брза експанзија. Северна Америка, Западна Европа и Јапонија ќе покажат побавен раст поради веќе високото ниво на потрошувачка по глава на жител. Растот на обемот во Источна Европа во 2024 година се врати на претходните трендови пред конфликтот.

Ново воведени иновативни лекови и нивната зголемена употреба беа главни двигатели на растот во САД, Европа и земјите во развој. Биотехнологијата останува фокусна точка за раст во следните пет години, заедно со специјализираните лекови наменети за хронични и ретки болести. Додека некогаш револуционерните платформи и модалитети како моноклоналните антитела (mAbs) станаа вообичаени, а сега се појавуваат нови модалитети како мРНК, конјугати на антитела и лекови (ADCs) и терапии базирани на микробиом.

Употребата на лекови во специфични терапевтски области порасна во 2024 година, со забележителен раст во областа на имунологијата, ендокринологијата и онкологијата. Онкологијата и имунологијата најверојатно ќе предводат во растот меѓу терапевтските области, поттикнати од воведувањето на нови третмани и зголемената популација на пациенти.

Дополнително, напредокот во неврологијата, третманите за ментално здравје и појавата на биолошки лекови од поновата генерација ги трансформираат моделите на трошење и употреба на лекови. Одобрувањето и брзото прифаќање на лековите GLP-1 агонисти за индикации како дијабетес и дебелина исто така придонесоа за промената во моделите на употреба на лекови.

И покрај богатството на ефективни третмани, кардиоваскуларните заболувања остануваат една од најчестите причини за глобална смртност. Ова ја истакнува потребата од дополнителен фокус на рана дијагноза и интервенција, како и континуирана иновација, особено во прилагодените терапии. Еден од трендовите во кардиоваскуларните заболувања во 2024 година е и подобра употреба на дигиталните пристапи и вештачката интелигенција за превентивна и примарна грижа.

Генерички лекови го претставуваат најголемиот дел од употребени лекови во Европа.

Имајќи ги предвид стареењето на популација, финансиските предизвици, зголемениот

товар од хронични болести и чинењето на иновативните опции за третман, придонесот на генеричките лекови за здравствените системи станува сè поважен. Генеричките лекови го претставуваат најголемиот дел на употребени лекови во Европа, сочинувајќи 70% од вкупниот волумен и 19% од пазарната вредност во 2023 година, а овој тренд продолжи и во 2024 година. Генеричките молекули сè почесто се достапни за сложени хронични состојби, како резултат на истекување на патентната заштита на оригинаторските молекули, при што 60% од десетте најголеми терапевтски области во Европа се генерички лекови.

Количини во проценти на 10 најголеми терапевтски области




Извор: IQVIA MIDAS Q3 MAT 2023

Значајноста на генеричките лекови и натаму е фокусирана на достапноста и пристапноста. Иако индустријата за генерички лекови долго време игра клучна улога во контролирањето на буџетите, важно е да се препознае дека природата и обемот на таа улога сега еволуираат (слика 2).

Значајноста на генеричките лекови и натаму е фокусирана на достапноста и пристапноста. Иако индустријата за генерички лекови долго време игра клучна улога во контролирањето на буџетите, важно е да се препознае дека природата и обемот на таа улога сега еволуираат.

Еволуција на перспективите за потрошувачката на генеричките лекови во Европа



Генеричките лекови се користат за лекување на повеќето сложени хронични болести, а нивната улога во зајакнување на фармацевтскиот синџир на снабдување е од сè поголемо значење за сите стеикхолдери.

Вредноста на генеричките лекови во четири нови димензии

Во контекст на променливите приоритети на европските здравствени системи, вредноста на генеричките лекови се одразува преку четири нови димензии:

Четири вредносни димензии на генеричките лекови




По губењето на ексклузивноста, генеричките лекови често се единствената опција.

Сигурноста на синџирот на снабдување што ја обезбедуваат генеричките лекови продолжува долго по губењето на патентната заштита, бидејќи генеричките лекови често се единствената достапна опција за третман. Во многу европски пазари се врши автоматска замена со генерички производи, што значи дека уделот на оригинаторската молекула опаѓа и е заменет со конкуренти.

Податоците покажуваат дека 40% од сите производи кои ја изгубиле патентната заштита (по број) се достапни само како генерички лекови 20 години по губењето на ексклузивноста, што претставува 66% од пазарот според волумен и 62% според вредност.

Во земјите каде што не е дозволена замена со генерички лекови, 52% од производите надвор од патентот се генерички лекови.

Генеричките лекови често се единствена опција



Инвестиции на производителите на генерички лекови во Европа

Индустријата за генерички лекови има над 400 производствени капацитети низ Европа, со над 20 тековни проекти за поддршка на производството.


Сепак, развојната комплексност е висока, со оглед на релативната големина, локацијата на капацитетите и нивната важност, кои се комерцијално чувствителни.

Нови инвестиции во производствени капацитети за генеричките лекови во Европа

Распределба на производствените капацитети за генерички лекови во Европа



Развој на нови производствени капацитети за генерички лекови во Европа до декември 2023



Извор: IQIA GS&AR и Medicines for Europe, со пристап до информациите на 12 декември 2023 година

Позицијата на Реплек во атрактивниот пазар на генерички лекови

Реплек е цврсто позициониран на надминување на растот на атрактивниот пазар на генерички лекови на сите пазари каде што е присутен со успех и во 2024 година. Пазарот на генерички лекови е поттикнат од популацијата што старее, зголемените стапки на хронични болести, притисоци за намалување на трошоците за лекување од страна на здравствените власти и постојаниот прилив на молекули кои губат патентна заштита. Се предвидува дека големината на пазарот на молекули кои ќе ја изгубат патентната заштита (LoE) до 2027 година ќе изнесува речиси 10 милијарди евра.

Реплек во 2024 година се посвети на проширување и зајакнување на своето портфолио преку развојни проекти во сопствените оперативни капацитети (In-house), но и преку потпишување на договори за In-licensing со цел побрзо да се внесат лекови, без да

го преземат целиот товар на развојот од нула. Оваа стратегија е особено корисна за брз пристап до лекови кои се блиску до комерцијализација и е клучна за проширување на портфолиото, забрзување на пристапот до нови терапии и максимизирање на деловните можности. Овој пристап овозможува интегрирање на производи и експертизи, што дополнително ја подобрува нашата способност да одговориме на растечките и променливите потреби на пазарот.

Со оваа стратегија, Реплек ја зајакнува својата позиција на конкурентниот глобален пазар, ги проширува своите можности за иновации и обезбедува долгорочна одржливост на својот бизнис.

Референци:

1. IQVIA Institute: Global Use of Medicine Outlook 2024
2. Pharma trends 2024: Shaping the future landscape | ZS
3. iqvia-true-value-of-generic-medicines-04-24-forweb.pdf


03

МАРКЕТИНГ И ПРОДАЖБА

Доброосостојба и задоволството на пациентите е една од клучните цели на Реплек. За остварување на таа цел Реплек АД како компанија беше континуирано посветена и проактивна во текот на цела 2024 година преку производство, увоз и дистрибуција на производи кои се од клучно значење за пациентите.

Глобална стратегија и позиционирање

Во 2024 година, Одделот за Глобална стратегија и позиционирање продолжи да ја реализира својата клучна улога во развојот и примената на стратегиите кои имаат за цел глобален раст и оддржливо позиционирање на организацијата на меѓународно ниво. Фокусот беше насочен кон продлабочување на стратегиското присуство во нови и постоечки пазари, максимизирање на конкурентската предност и осигурување долгорочен успех преку адаптирање на пазарните трендови и потреби.



1. Клучни активности и остварувања во 2024

1.1. Развој и имплементација на глобални стратегии

Во 2024, Одделот успешно разви и спроведе неколку глобални стратегии кои имаа фокус на диверзификација на производите и услугите, експанзија на нови пазари, како и ширење на веќе постоечките пазари со нови купувачи како и јакнење на брендот на глобално ниво.

- Со преземање на HealthAid програмата, Реплек успешно се позиционираше во земјите од ЈИЕ со нови купувачи на пазарите во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Словенија.
- Во тек се отпочнати регистрациски постапки на HealthAid портфолиото во Ирак, Монголија, како и регистрација и проширување на посточеките територии.
- Отпочнивање на регистрациски постапки за портфолиото на Реплек во Белорусија и Монголија.
- Отпочнатата соработка со иновативна компанија за медицински средства од Франција, ни овозможи нов проект на РЕ Спрееви со кои Реплек ќе станува препознатлив под сопствен бренд, а ќе бидат присутни на пазарите во ЈИЕ, МЕНА, СЕА,
- Зајаканување на позициите со постоечки партнери со нови бреднови на Реплек во 2024: Ketopain sachets, Lekofenak sachets, Revagra sachets – на пазарот во Ирак, Referum линијата за прв пат е увезена во Црна Гора со интервентен увоз.

1.2. Проактивно вклучување во глобалните партнерства

Одделот продолжи да ја унапредува соработката со стратегиски партнери низ светот. Во 2024 беа склучени нови договори со клучни клиенти на пазарите на ЈИЕ, Африка, Азија и Северна Америка, Латинска Америка, што ќе придонесе за поголема стабилност и раст на организацијата.

1.3. Претставување на организацијата на глобалните конференции и форуми

Претставниците на Одделот активно учествуваа на значајни глобални настани, каде што беа презентирани новите стратегии, иновации и резултати на организацијата. Овие настапи значително го зајакнаа брендирањето и позиционирањето на организацијата како лидер во фармацевтската индустријата.


2. Придобивки од 2024 за 2025

2.1. Процеси на глобална оптимизација и ефикасност


Планирано е во 2025 да се продолжи со оптимизацијата на глобалните операции и ресурси, што ќе доведе до зголемена ефикасност и намалени оперативни трошоци. Воспоставувањето на поефикасни канали за комуникација и менаџирање на проекти ќе го олесни донесувањето на одлуки и извршување на стратегиите.

- Со новата систематизација и активна вклученост на одделот Бизнис развој и Регулаторни активности ќе се овозможи поголема фокусираност кон стратешки проекти и јасни позиции при преговарање на нови проекти.
- Одделот продолжува активно да работи на изнаоѓање на нови партнери за HealthAid програмата во регионот и пошироко.
- Ре спреевите во 2025 год ќе бидат активно лансирани во земјите од ЈИЕ (Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија и Босна и Херцеговина) и Ирак.
- Продолжување на зајакнување на позициите со постоечки партнери со нови производи – Adolor PRO, Nifedipin R за Ирак, Cetirizin, Neurovit, Gervetin за Казакхстан и Узбекистан, Ginolek, Ginofix supp.

Графички приказ на продажбата на странски пазари за 2024 по региони




Графички приказ на движење на продажбата на странски пазари споредбено 2024 vs 2023 по региони



Најпродавани генерики по региони:

CIS:	MENA:	SEE:	SEA:	EU:
Benzydamine	Paracetamol	Aminophylline	Betamethasone + Salicylic acid	Ibuprofen
Nimesulide	Ciprofloxacin + ornidazole	Oxymetazoline	Betamethasone	Fluconazole
Azythromycin	Sildenafil	Dextriferron		Ibuprofen + Paracetamole

HealthAid продажба за 2024 по региони



Присуството на Реплек на CPHI Milano 2024 vs CPHI Barcelona 2023

- Во 2024 година Реплек по трет пат успешно се претстави на светски најзначајниот саем за Фармација CPhI во Милано, каде присуствуваше со сопствен штанд и со над 20 вработени. Бројот на реализирани состаноци на саемот е за 30% повисок во однос на 2023 година, што дополнително говори за зголемениот интерес за Реплек како производител и секако добра интерна подготовка и организација.
- Во 2024 година Реплек исто така присуствуваше и на Евроазискиот фармацевтски самит и саемот MedUz expo во Ташкент, Узбекистан.

Планови на одделот Глобална стратегија и позиционирање за 2025 година

	CIS	MENA	LATAM	SEE	SEA + Oceania + North America	EU
New partners for the region	Kazakhstan, Uzbekistan, Russia, Mongolia.	Jordan, Nigeria		Whole region is covered with partners	Vietnam	
New market per region	Ukraine, Afghanistan	Yemen, Libya, Iran, Oman, Bahrain, UAE.	Honduras		Singapore, Malaysia, Philippines, Shri Lanka, Indonesia, Canada.	Germany, Hungary, Croatia, United Kingdom, Bulgaria, Italy, Poland.

За разлика од 2024 година во 2025 година Реплек планира уште поголемо присуство на интернационалните саеми, конференции и пазари и веќе се испланирани посети на следните манифестации:

- Arab Health 2025
- CPHI Frankfurt 2025
- Eurasian Pharmaceutical Summit
- CPHI North America 2025
- CPHI South Asia 2025


Годината 2024 беше година со предизвици и успешни проекти за Одделот за Глобална стратегија и позиционирање, со значајни постигнувања во сите клучни области. Со оглед на успешната имплементација на стратегиите и внатрешната реорганизација со која Реплек ги покрива сите региони, 2025 година ќе донесе нови можности и предизвици.

Одделот ќе продолжи да работи на оптимизација, иновации и глобално проширување, со цел да се осигура долгорочен успех и позиционирање како лидер на пазарот.

Домашен пазар и позиционирање на Реплек АД

Испишување уште една успешна година за Реплек, од една страна полна со предизвици и можности, а од друга со силни деловни перформанси и клучни партнерства и аквизиции.


100% реализацијата на поставениот годишен план за домашен пазар од 8 милиони евра е силен индикатор за успешното работење и продуктивно користење на ресурсите на компанијата.



Сумите се во милиони евра.

Значајни успеси се постигнаа преку оптимизација, одржување и развој на постоечкото портфолио на Реплек. Со фокусиран и стручно таргетиран маркетинг пристап, се постигна зајакнување на клучните брендови на Реплек: Парафен, Оралсепт, Неуровит, Адолор, Вентор гелм Каноил и Оперил.

Портфолио структура



Особена гордост за Реплек АД претставува добриот прогрес во линија на производи кои во својот состав содржат екстракт од канабис, за кои во тек на 2024 година се оддржаа голем број на континуирани едукативни настани за лекари и фармацевти по градовите низ Македонија, кои беа модерирани од еминентни професори на медицинскиот и фармацевтскиот факултет во Скопје како и искусен и влијателен доктор Силвиу Брил кој работи исклучиво во третман на болка со производи кои содржат ЦБД и ТХЦ во инситутот за болка од Израел.

Воедно на почетокот на годината повторно беше ставена во промет козметичката линија на прозводи со канабис (Канабо) и е повторно достапна за потрошувачите.

Во 2024 со лансирање на Бактоблис, Реплек значително влијаеше на подобрување на добросостојбата на своите конзументи, особено на дечињата. Преку интензивна и континуирана едукација на здравствените работници и пациенти значително се подигна свеста за улогата на оралната микробиота во одржување на здрав горно респираторен тракт, а докторите сега имаат уште еден сојузник во третманот на горно респираторни инфекции.

Маркетинг и продажба

Во текот на 2024 година пациентите се соочија со глобален проблем за набавка на панкреатични ензими. Реплек, како компанија посветена на добросостојбата на пациентите успеа преку интервентен увоз на капсулите Микразим да ги задоволи потребите на пациентите со цистична фиброза и дигестивни проблеми во Македонија.

Со регистрација на препаратот Дивен, Реплек оствари комуникација и со трансфузиолозите низ Македонија, на кои им обезбеди безбеден и докажан лек за третман на хронична венска болест.

Значителен успех за Реплек е склучувањето на ексклузивен договор за маркетинг и дистрибуција со познатиот британски бренд HealthAid Limited UK за целиот Адриа регион. Веќе истата година Реплек успешно ја превзема и надгради дистрибуцијата и маркетингот на производите од оваа програма, што резултирање со пораст на продажбите од 20% во однос на 2023 година.

Сумарно може да кажеме дека во 2024 година Реплек значително го зголеми своето присуство на над 50 едукативни настани од повеќе специјалности од кои дел самостојно ги организираше, а на дел зема активно учество.

Во делот на каналите на дистрибуција на македонскито пазар, Реплек директно соработува со сите веледрогерии чиј фокус е дистрибуција на производи до аптеките на целата територија на државата. Преку организациски промени и воведувањето на специјализирана група за комерцијално работење, реализирано е соработка со над 90% од аптеките на територијата, воедно се бележи и раст од 10% во базата на клучни клиенти со кои Реплек активно соработува.

Примарна цел на Реплек АД за 2025 година е да продолжи со континуирана грижа за пациентите, обезбедувајќи квалитетни производи и лесна достапност до истите преку подобрување на дистрибутивните канали (веледрогерии, аптеки) како и грижа за здравствените работници преку континуирана едукација, со што ќе обезбедиме поголема поддршка и едукација за пациентите.

За 2025 година планирано е лансирање на повеќе од 10 нови производи меѓу кои се група на производи со иновативен начин на дејство за третман на мигрена, алергии и синузитис, потоа два нови уникатни производи за женско здравје кои значително ќе влијаат на добросостојбата на конзументите. Преку новите прозводи Реплек ќе обезбеди производи за најмалку 3 нови специјалности.

Во текот на годината покрај ребрендирање на производите од Канабис, планирани се различни типови на едукација и активности преку кои производите од Канабис поблиску ќе се доближат до конзументите.

Реплек го зацврстува своето присуство во Република Србија

Од 01.2025 година Реплек ќе започне со активности на пазарот на Србија, каде со сопствен тим ја започнува промоцијата и маркетингот на производите од брендот HealthAid. Планот е преку добро таргетирани и фокусирани активности да се зголеми достапноста на производите.

Реплек го зацврстува своето присуство во Република Босна и Хецеговина

Од 01.2025 година Реплек ќе отвори сопствено претставништо за територијата на Босна и Херцеговина, каде преку сопствен тим ќе се грижи за промоцијата и продажбата на производите на Реплек.

04

ЕФИКАСНОСТ И ПЕРФОРМАНСИ: СТРЕМЕЖ КОН ОПЕРАТИВНА СОВРШЕНОСТ

Клучни достигнувања во 2024

Годината што измина беше година исполнета со бројни успеси, иновации и предизвици, кои Реплек АД успеа да ги надмине благодарение на посветеноста на вработените, стратешките инвестиции и континуираната поддршка од партнерите и соработниците.

Од аспект на оператива 2024 година е одбележана со следните клучни достигнувања:

1. GMP Инспекциски и ISO авторизации

Еден од најзначајните аспекти на работењето во фармацевтската индустрија е усогласеноста со највисоките регулаторни и индустриски стандарди. Во текот на 2024 година, Реплек АД успеа да реализира повеќе важни инспекциски авторизации:

- Во јануари 2024 година Реплек АД успешно го обнови GMP сертификатот од Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија. Оваа сертификација ја потврди посветеноста на Реплек АД кон строгите барања за добра производна пракса.
- Во август 2024 година Реплек АД доби обновен GMP сертификат од Министерството за индустрија и трговија на Руската Федерација, кој ги потврдува принципите за добра производна пракса за цврстите и течните дозажни форми согласно барањата на Евроазиски Економски сојуз - EAEU.
- Дополнително, во февруари 2024 година Реплек АД го обнови својот GMP сертификат од Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија наменет за производство на фармацевтски дозирани форми кои содржат екстракт од канабис за медицинска употреба. Со сертификацијата Реплек АД го потврдува континуитетот на производството и пристапот кон технолошки иновации во областа на овие специјализирани производи од медицински канабис.
- Во септември 2024 година, TÜV Nord ја потврдија усогласеноста на Реплек АД со ISO 22000:2018 и HACCP стандардите за безбедност на храна, кој се однесува и на производниот програм за додатоци на храна. Обезбедувањето на оваа сертификација ја потврдува функционалноста на системите за производство и квалитет со што се подобрува позиционирањето на диететските производи како и закнувањење на довербата кај партнерите и корисниците.
- На крај, во декември 2024 година Реплек АД се стекна со GMP сертификат од Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија наменет за производство на активни фармацетски супстанции - екстракти од канабис за медицинска употреба. Со сертификацијата Реплек АД ја надополни можноста за пазарно позиционирање со овие сертифицирани активни компонентни од медицински канабис.

2. Зголемена оперативна ефикасност

Ефикасноста и оптимизацијата се основни принципи во работењето на Реплек АД. Оваа година се постигнати значајни подобрувања преку:

- Интеграција на побарувањата: Успешно се интегрирани сите комерцијални побарувања од домашниот и странскиот пазар во единствен систем за управување со нарачки. Оваа централизирана организација на побарувањата овозможи подобро управување со ресурсите и навремена испораки на произведените стоки.
- Оптимизација на производствените процеси: Воведени се детални месечни, квартални и годишни производствени планови кои ги синхронизираа активностите меѓу различните оддели. Оваа координација резултираше со зголемена продуктивност, подобрена ефикасност и намалени оперативни трошоци.
- Напредна технологија: Надградена е клучната опрема за блистирање, картонирање и серијализација, што овозможи значително зголемување на капацитетите и подобрување на ефективноста на производството.

3. Инвестиции во производни капацитети

Годината беше обележана со значајни капитални вложувања за проширување и модернизација на производствените капацитети на Реплек АД:

- Нова интегрирана линија наменета за автоматизирано примарно пакување, секундарно пакување и сериализација на цврсти дозажни форми. Оваа модерна линија е набавена од реномиран европски производител кој е докажан лидер во производство на фармацевтска опрема, истовремено обезбедува имплементација на напредни технологии, висока прецизност и зголемена продуктивност.
- Нова индивидуална машина наменета за автоматизирано вертикално картонирање на повеќе видови дозажни форми. Оваа опрема е истотака набавена од реномиран европски производител кој веќе ја долги години ја ужива довербата на Операторите од Производство. Опремата е набавена по предлог на вработените, а истовремено обезбедува робустност, версатилност и секако зголемена продуктивност.
- Проектирни се нови линии за производство и пакување на полу-цврсти и течни дозажни форми, формирање на сосема нов произоден блок со изведба на засебни чисти соби и напредни HVAC вентилациски системи.
- Надградба на системите за производство и дистрибуција на прочистена вода за фармацевтска употреба и компримиран воздух со што се обезбедува стабилно производство и зголемени капацитети во новиот производен блок.

Планирани активности за 2025 година

1. Зголемени капацитети, автоматизација и дигитализација

Со цел Реплек АД да одговри на растечките побарувања на пазарот, за 2025 година се планираат следните активности:

- Инсталација на нови автоматизирани линии за пакување и сериализација, што ќе ја подобри прецисноста и зголеми ефикасноста.
- Нов производен блок, кој ќе биде наменет за производство на полу-цврсти и течни дозажни форми. Овој погон ќе биде опремен со најсовремена технологија со високи капацитети и подобрена можност за технолошки иновации.
- Воведување на софтверски решенија како MES (Manufacturing Execution System), LIMS (Laboratory Information Management System) и e-QMS (Quality Management System). Овие дигитални платформи ќе обезбедат интеграција на сите оперативни процеси и подобрена ефикасност на системот за квалитет и усогласеност со тековните референтни барања.

2. Планирани GMP сертификации

Со гордост најавуваме дека 2025 година ќе биде клучна година за Реплек, бидејќи оваа година ќе се одржат редовните GMP инспекциски циклуси од реномирани регулаторни авторитети ширум светот:

- EU GMP сертификација од Словенечката агенција за лекови и медицински средства – JAZMP
- EAEU GMP сертификација од Министерството за индустрија и трговија на Руската Федерација
- GMP сертификација од Узбекистанската агенција за лекови и медицински средства
- GMP сертификација од Либиската агенција за лекови и медицински средства
- Обновување на постојните GMP сертификати од постоечки и нови релевантни регулаторни тела.
- Повеќе партнерски supplier qualification инспекции за потврда на GMP сообразност


  Како компанија која повеќе години поседува EU GMP сертификат, ние постојано се стремиме да ги одржиме највисоките стандарди за квалитет во нашите оперативни процеси.

  Нашите тимови заедно работат на програмот за континуирано подобрување, осигурувајќи дека сите аспекти на нашето работење се усогласени со строгите барања на GMP стандардите. Се гордееме со нашата посветеност на квалитетот на нашите процеси и производи, транспарентноста на нашиот систем за квалитет, како и непречената следење на референтните стандарди.

3. Обука и развој на вработени

Вработените се клучен фактор за успех на Реплек АД. Во насока на раст на човечкиот капитал Реплек АД планира низа на обуки и апликативни тренинзи помеѓу кои:

- Учествување на водечки настани како PHARM CONNECT CONGRESS и 15th Central European Symposium on Pharmaceutical Technology.
- Организирање обуки за Lean, Kaizen и Six Sigma методологии, кои ќе помогнат во континуираното подобрување на оперативните процеси.
- Имплементација на програми за развој на апликативни вештини, со цел структурирано подготвување на персоналот за идните предизвици.



05

КЛУЧНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Групацијата Реплек АД ја извршува дејноста преку 4 правни субјекти:

- Реплек АД Скопје - веледрогерија за големопродажба на лекови, медицински помагала и медицинска опрема
- Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје - фабрика за лекови и хемиски производи
- Реплек Маркет ДООЕЛ Скопје - друштво за трговија на големо и мало, увоз
- Реплек ДОО Белград - друштво за трговија, увоз извоз и услуги

Во **2024 година, Реплек АД** продолжува со реализација на својата **петгодишна стратегија**, фокусирајќи се на **пораст на продажби и стратешки инвестиции**.

Остварените резултати во продажбите се целосно усогласени со стратегијата, при што **сегментот фармација бележи раст од 24%**.

Клучни финансиски показатели:

- Приходи од продажба во сегментот фармација: 1.919.644 илјади денари (31,2 милиони евра), што претставува раст од 24% во однос на 2023 година.
- Консолидирана оперативна добивка: 276.949 илјади денари (4,5 милиони евра).
- Консолидирана добивка после оданочување: 224.195 илјади денари (3,64 милиони евра), со нето профитна маргина од 11%, ја надминува добивката објавена според петгодишната стратегија.
- Вкупни капитални инвестиции: 388.316 илјади денари (6,3 милиони евра), наменети за автоматизација, дигитализација и проширување на производните капацитети.

И покрај предизвиците како што се инфлациските притисоци врз набавните цени на суровини и материјали, зголемените трошоци за вработени и ефектите од промената на сметководствената политика врз трошокот на амортизација, Реплек АД успешно ја реализира и стратегијата во делот на нето добивка, надминувајќи ја објавената петгодишна стратегија.

На консолидирано ниво Реплек во 2024 ги оствари следните резултати:

'000 МКД	2024	2023	Промена %
Приходи од продажба	1.948.034	1.587.371	23%
Приходи од продажба на домашен пазар	520.394	374.149	39%
Приходи од продажба на странски пазар	1.427.640	1.213.222	18%
Оперативна добивка	276.949	307.565	-10%

Главен фокус на компанијата за 2024 година беше раст на продажбите во сегмент фармација. Овој сегмент е носител на растот на компанијата. Следејќи ја стратегијата, во финансиска година 2024 во однос на 2023 има промена во структурата на приходи. Приходи од дејност Трговија на разни стоки и Угостителски дејности преку Реплек Маркет се прекинати целосно во Јануари 2023 и истите се заменети со пасивни приходи од наемнина.

Стратешки фокус на Реплек АД е сегментот фармација. Консолидирани приходи од продажба на сегмент фармација изнесуваат 1.919.644 илјади денари (31,2 милиони евра) и бележат раст за 24% во однос на минатата година.

Приходи од продажба '000 МКД	2024	2023	Промена %
Трговија и Угостителство	28.390	32.753	-15%
Сегмент Фармација	1.919.644	1.546.218	24%
Вкупно	**1.948.034**	**1.578.971**	**23%**

Како дел од стратегијата на Реплек АД е зајакнување на пазарните позиции на сегмент фармација, како во земјата така и во странство. Приходите од продажба на домашен пазар се зголемени за 48% во однос на 2023 година што укажува на зголемена побарувачка и зајакнато пазарно учество на домашниот пазар. Продажбите на странски пазари се зголемени за 18% во однос на 2023 година што укажува на нашиот континуиран успех во проширување на глобалниот впечаток:

Приходи од продажба '000 МКД - Сегмент Фармација	2024	2023	Промена %
Домашен пазар	492.032	332.996	48%
Странски пазар	1.427.612	1.213.222	18%
Вкупно	**1.919.644**	**1.546.218**	**24%**

Приходите од продажба на странски пазар се зголемени за 18% односно по региони како што следи:


Приходи од продажба на странски пазар МКД '000	2024	2023	Промена %
ЗНД	851.433	695.404	22%
Југоисточна Европа	214.758	209.991	2%
Африка и Близок Исток	259.580	195.872	33%
ЕУ	50.366	80.908	-38%
Југоисточна Азија	51.476	31.047	66%
Вкупно	**1.427.612**	**1.213.222**	**18%**

Приходите од продажба на домашен пазар на сегмент фармација се зголемени за 48% во однос на истиот период минатата година.

Приходите од продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги кои се реализирале преку Реплек Маркет се намалени за 80% во однос на минатата година поради прекинување на дејноста трговија на разни стоки во јануари 2023 година, а истите се заменети со пасивни приходи од наемнина.

Приходи од продажба по регионални пазари:

Приходите од продажба на странски пазари со учество во вкупните приходи од продажба од 74% што е во насока на постигнување на стратегиските цели. Реплек предвидува структурирање на вкупните приходи од продажба така што три четвртини произлегуваат од извозната активност, додека една четвртина се реализира на домашниот пазар.



Учество во вкупни приходи по сегмент - 2024

Консолидиран извештај за сеопфатната добивка е прикажан во продолжение:

'000 МКД	2024	2023	Промена %
Оперативни приходи	2.004.170	1.870.258	7%
Приходи од продажба	1.948.035	1.587.371	23%
Останати приходи	56.135	282.887	-80%
Ефект од движење на залиха	14.163	46.770	-70%
Оперативни расходи	-1.741.384	-1.609.464	8%
Директни материјални трошоци	-988.734	-826.022	20%
Останати трошоци од работењето	-123.847	-93.039	33%
Трошоци за вработените	-508.438	-392.553	30%
Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	-112.060	-65.019	72%
Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства	-8.305	-232.830	-96%
Оперативна добивка	276.949	307.565	-10%
Расходи од финансирање	-19.208	-13.048	47%
Добивка од редовно работење	257.741	294.516	-12%
Данок од добивка	-33.546	-13.888	142%
Нето добивка по оданочување	224.195	280.628	-20%

Консолидираната добивка пред оданочување изнесува 257.741 илјади денари (4.19 милиони евра). И покрај низа на предизвици компанијата успешно ја реализираше добивката во согласност со 5 годишната стратегија.
Како што веќе беше обелоденето, главен носител на растот на компанијата се приходите од продажба, со стратешки фокус во сегмент фармација.
Поголемиот волумен на продажби влијае и на расходите, со што оперативните расходи се под влијание на следните настани:

- Трошоци за материјали и суровини, како и набавна вредност на трговска стока - во голема мера под влијание на волуменот, меѓутоа инфлационите притисоци сеуште влијаат на бизнисот.

- Трошоци за амортизација (Реплек АД на консолидирано ниво направи промена во Сметководствената политика во делот на вреднување на основните средства и премина од Модел на набавна вредност на Модел на објективна вредност. Со оваа промена се евидентираше реалната вредност на основните средства на компанијата и во согласност со Сметководствените стандарди, ефектите од проценката се соодветно евидентирани во книгите на друштвото и инкорпорирани во резултатите за 2023 година, дополнително, оваа промена влијае и на промена на амортизационите стапки кои се повисоки и истите се апликативни од 1ви јануари 2024 што влијае на повисок трошок за амортизација во однос на 2023 година), трошокот за амортизација во 2024 година е повисок за 72% во однос на 2023 година, овој тренд во голема мера е под влијание на промената опишана погоре.

- Зголемени трошоци за вработените (главно поради корекции направени во насока на зголемување на атрактивноста на Реплек како работодавач, Реплек направи сериозен исчекор во 2024 во оваа област, дополнително за прв пат се исплати и бонус за вработените поврзан со наградување на перформансите). Во согласност со сметководствените стандарди и стратегијата на наградување на перформансите на вработените во 2024, овој трошок се предвидува да се исплати и за 2024 што дополнително го оптоварува резултатот.

Доколку се елиминираат ефектите на проценката на основните средства и промената во сметководствените политики, Реплек АД на консолидирано ниво покажува подобрени оперативни перформанси.

Клучни финансиски показатели

Консолидиран биланс на состојба:

'000 МКД	2024	2023	Промена %
Средства	**2.225.247**	**1.939.880**	**15%**
Нематеријални средства	337.868	22.160	1425%
Материјални средства	1.488.683	1.510.560	-1%
Вложувања во недвижности	398.696	407.161	-2%
Тековни средства	**1.082.815**	**978.472**	**11%**
Залихи	478.350	454.461	5%
Побарувања	494.392	280.781	76%
Пари и парични еквиваленти	110.073	243.230	-55%
ВКУПНО СРЕДСТВА	3.308.062	2.918.352	13%
Главнина и Резерви	**2.367.887**	**2.215.155**	**7%**
Обврски	**940.175**	**703.197**	**34%**
Тековни обврски	**756.506**	**605.130**	**25%**
Обврски спрема добавувачи и останати обврски	518.809	436.688	19%
Обврски за краткорочни кредити и хартии од вредност	237.696	168.442	41%
Долгорочни обврски	**183.669**	**98.067**	**87%**
Обврски за долгорочни кредити и хартии од вредност	183.669	98.067	87%
ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ	**3.308.062**	**2.918.352**	**13%**

Во текот на 2024 година компанијата направи значајни чекори во градење на силна финансиска основа, поставувајќи здрави критериуми за иден раст и континуиран успех. На крајот на 2024 година, Групацијата располага со актива во износ од 3.308.062 илјади денари со следната структура:

- Долгорочни / постојани средства од 2.225.247 илјади денари кои се зголемени за 15% во однос на 2023 година. Главна причина за порастот се инвестиции намалени за амортизацијата во тековната година, со учество од 66% во вкупната актива.
- Тековни средства во износ од 1.082.815 илјади денари зголемени за 11% во однос на 2023, составени од Залихи, Тековни побарувања и Парични средства. Зголемувањето во тековни средства е главно резултат на зголемените побарувања од купувачи кои се директно поврзани со повисокиот обем на продажби.
- Во однос на Капитал, Резерви и Обврски; Обврските учествуваат со 28% во вкупните извори на средства, истите бележат тренд на пораст во однос на 2023 година, главно поради зголемување на обврските по основ на кредити и заеми кои се директно поврзани со инвестициите во долгорочни средства.

Консолидиран извештај за парични текови:

'000 МКД	2024	2023
Парични текови од оперативни активности	208.733	336.773
Парични текови од инвестициони активности	-409.764	-102.900
Одливи за камати	-15.514	-10.886
Краткорочни и долгорочни кредити и заеми	154.815	-23.423
Исплатена дивиденда	-71.427	-49.418
Откуп / продажба на сопствени акции	-	-63.878
Зголемување/намалување на паричните средства	**-133.157**	**86.268**
Парични средства на почеток на годината	243.230	156.962
Парични средства на крајот на годината	**110.073**	**243.230**

Компанијата реализира позитивни парични текови од оперативни активности и истите се вложени во инвестициони проекти кои се директно поврзани со дигитализација, автоматизација и проширување на портфолиото на производи, речиси 60% од инвестираните средства се обезбедени од сопствени извори.

Финансиски ризици и управување со истите

Групацијата влегува во различни трансакции кои произлегуваат од секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

1. Пазарен ризик

1.1 Ризик од промени на курсевите

Групацијата влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки и продажби на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. И покрај изложеноста од можните флуктуации на странски валути, Групацијата континуирано ги следи промените и соодветно ги алоцира средствата со цел ефектите да бидат минимални.

1.2 Кредитен ризик

Групацијата е изложена на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Групацијата нема значајна концентрација на кредитен ризик.

1.3 Каматен ризик

Групацијата се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Групацијата има користено вакви кредити може да се каже дека постои изложеност спрема ваков вид на ризик, но тој зависи од движењето на финансиските пазари. Каматните стапки на кредити кои ги користи Групацијата во текот на 2024 година се стабилни.

1.4 Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Групацијата нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со континуирано обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски. Преку оперативните активности Друштвото генерира доволно средства за да ги покрие своите тековни обврски, како што впрочем се гледа преку извештајот за Готовински текови, Друштвото ги покрива сите обврски од оперативното работење и генерира дополнителни средства во текот на 2024 кои се користат за инвестиции.

2. Ризик на финансирање

Групацијата врши финансирање на своето работење со сопствени средства како и со користење на краткорочни или долгорочни кредити од банки. Групацијата континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа. За периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година кредитното задолжување е зголемено за 154.857 илјади денари, односно на 31 декември 2024 година изнесува 421.365 илјади денари. Пораст на задолженоста е резултат на инвестициите кои се реализирани во текот на 2024 година а кои се предуслов за да се поддржи очекуваниот раст на компанијата од 25% на годишно ниво.

06

АКЦИОНЕРИТЕ ВО ФОКУС

Акционерскиот капитал на Друштвото претставува номинален капитал кој се формира со издавање на хартии од вредност (акции) на акционерите. Со состојба на 31 декември 2024 година, Друштвото има издадено само обични акции. Обичните акции носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на управување со Друштвото (право на глас).

Структурата на акционерскиот капитал на Реплек АД е составена од домашни и странски правни и физички лица.

На Годишното собрание на Реплек АД Скопје одржано на ден 25.04.2024 година беше донесена Одлука бр.02-2630 за поделба на обичните акции издадени од Реплек АД Скопје и намалување на номиналниот износ на акциите во соодност 1:10 при што основната главнина остана непроменета.Номиналниот капитал на Реплек АД Скопје изнесува 259.200 акции со номинална вредност од 56,242 евра или номинален капитал во вкупен износ од 14.577.926 евра.

Издадени и целосно уплатени:	**Број на акции (2024)**	**Број на акции (2023)**
Обични акции	259.200	25.920
Вкупно акции	**259.200**	**25.920**

**Во Јули 2024 година извршен сплит на акциите 1:10*

Поради конзистентност на податоците и елиминација на ефектот на сплитот кој се изврши во Јули 2024 година податоците кои што следат се со ефект на сплит односно конзистентни на 259.200 вкупен број на акции.

Според евиденцијата на Македонската берза, во 2024 година се истргувани 11.760 акции со 929 трансакции (без блок трансакции). Минимална цена по акција од 12.875,00 денари, односно максимална цена од 125.001,00 денари или просечна цена од 21.152,48 денари. (Податоците се превземени од Годишен статистички билтен за период Јануари – Декември 2024 година издаден од страна на Македонска Берза – истите се под влијание и не се соодведтно корегирани за реализираниот сплит на акцијата кој што беше реализиран во Јули 2024 година во сооднос 1:10)

	31/12/2024	**28/12/2023**
Просечна пазарна цена по акција во денари (MKD):	**16.598,33**	**9.300,00**

**Поради споредливост на податоците помеѓу годините, а со цел да се елиминира ефектот на сплитот земена е цената од последниот ден на тргување во годината.*

Реплек АД по извршениот сплит на акциите вкупно поседува 21.110 сопствени обични акции, односно 8.14% од основната главнина на друштвото.

Заработувачка по акција:

	2024 ('000MKD)	2023 ('000MKD)
Нето добивка за годината	224.195	280.628
Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции	**224.195**	**280.628**

	Бр. на акции 2024	Бр. на акции 2023
Број на обичните акции на 31 декември	259.200	25.920
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**942**	**1.149**

Реплек АД со гордост го прифати признанието од Македонска берза за реализирано корпоративно дејство со поделбата на акциите. Како што веќе беше напоменато, поделбата на акциите резултираше со поголема ликвидност на акцијата и достапност за инвестициската јавност. Ова придонесе Реплек АД да влезе во Македонскиот берзански индекс МБИ 10 почнувајќи од јануари 2025 година.

Дивиденда

На годишното собрание на Реплек АД Скопје за 2024 година, кое ќе се одржи во текот на 2025 година, ќе се изврши распределба на остварената добивка за 2024 година. Правото за остварување на дивиденда е согласно одлуката донесена на Годишното собрание.

Во текот на 2024 година од аспект на исплатена дивиденда го имаше следниот настан: Согласно Одлука за распределба на добивка донесена на Собрание на ден 25.04.2024 година, добивката по одаточување за 2023 година на Реплек АД Скопје во износ од 158.328 илјади денари е распоредена за исплата на дивиденда бруто износ од 71.427 илјади денари, во законски резерви се распределува износ од 84.864 илјади денари и во акумулирана добивка се распределува износ од 2.037 илјади денари.

Од распределба на добивката по годишната сметка за:

	2023 година	2022 година	2021 година
Бруто дивиденда по акција во денари:	**3,000**	**2,000**	**-**

**Дивидендата објавена во табелата погоре се однесува на дивиденда по акција пред реализираниот сплит на акцијата во сооднос 1:10, дивидендната политика која Реплек АД ја следи ќе биде соодветно корегирана за ефектот на сплитот во сооднос 1:10.*

07

ИНВЕСТИЦИИ

Имајќи ја предвид стратегијата за иновации во фармацевтската индустрија, РЕПЛЕК АД Скопје во 2024 година продолжува со значителни инвестиции во технолошки напредок, оптимизација на производствените капацитети и дигитализација.

Инвестициониот план вклучува имплементација на системи за серијализација и современа линија за пакување, очекувањето е дека новата линија ќе биде целосно оперативна во првата половина од 2025 година што ќе придонесе кон зголемување на производните капацитети на компанијата и поддршка на амбициозните планови за 2025 година.

Во јуни 2024 година се потпиша договор за имплементација на САП како ERP решение на Реплек. Ова претставува дополнителен чекор кон дигитализација на компанијата. Според проектниот план, имплементацијата на САП ќе трае една година и почнувајќи од јули 2025 година Реплек ќе премине на САП како софтверско решение.

Во март 2024 година Реплек АД го превзема правото за ексклузивно застапништво на HealthAid производите за следните земји: Северна Македонија, Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија. Со оваа инвестиција Реплек го зацврстува своето присуство како на домашниот така и на странскиот пазар.

Во 2024 година Реплек го отвори своето прво претставништво надвор од земјата односно започна со регистрација на претстарништво во Република Србија. Истото се очекува да биде оперативно во првиот квартал од 2025 година.

Покрај инвестиции во зголемување на капацитетите, дигитализација на компанијата, и превземања на права за застапништво, Реплек во своите инвестициони планови издвои средства и за подобрување на работните услови за вработените што како проект започна со имплементација во 2024 година и ќе продолжи во 2025 година.

Вкупен износ на инвестиции реализирани во 2024 година изнесуваат 6,3 милиони евра што во споредба со 2023 претставува сериозен пораст.

Во продолжение се прикажани инвестиции во 2024 година прикажани по сегменти:

'000 МКД	Градежни објекти	Постројки и опрема	Опрема и транс. с-ва	Средства во подгот.	Вкупно
Реплек АД	**-**	**5.233**	**1.869**	**6.866**	**13.968**
Реплек Фарм ДООЕЛ	**863**	**3.546**	**2.996**	**30.940**	**38.345**
Производство	-	3.209	165	30.940	34.314
Контрола на квалитет	354	323	190	-	867
Развој	-	14	63	-	77
Останати	509	-	2.578	-	3.087
Реплек Маркет ДООЕЛ	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**
Вкупно:	**863**	**8.779**	**4.865**	**37,806**	**52.313**

Инвестиции во нематеријални средства:

'000 МКД	Нематеријални средства	Нематеријални средства во подготовка	Вкупно
Инвестиции во 2024	316.888	19.115	336.003

Заради обезбедување на поверодостојни и порелевантни информации во финансиските извештаи, почнувајќи од 31 декември 2023 година Реплек како групација ја промени сметководствената политика за вреднување на основните средства и премина од метод на вреднување по историска вредност на метод на вреднување по проценета вредност. При тоа ангажираше независен проценител заради проценка на недвижностите, постројките и опремата на 31 декември 2023 година. Извештајот на проценителите се прифати и истиот се имплементираше во Консолидираните финансиски извештаи на Друштвото на 31 декември 2023. Во согласност со оваа промена Реплек АД во своите финансиски извештаи за средствата кои беа предмет на проценка користеше проценети амортизациони стапки што во одредени случаи се и повискои од даночно пропишаните.


08

РАЗВОЈ И ГРИЖА ЗА ВРАБОТЕНИ И ИДНИ ГЕНЕРАЦИИ



Во Реплек цврсто веруваме дека луѓето се компанијата. Затоа континуирано вложуваме во развој и грижа за вработените и идните генерации.

За идните генерации




Во 2024 година, компанијата продолжи да вложува во образованието и развојот на идните професионалци преку засилување на соработката помеѓу индустријата и образовниот сектор.

- Како и секоја година, продолжуваме да бидеме едукатори на студенти кои се запишани на специјалистички студии. Оваа година, нашите експерти го споделија своето знаење и искуство со 10 специјализанти по индустриска контрола на лекови, обучувани според програмите на УКИМ и УГД – Штип, и 5 специјализанти по фармацевтска технологија.
- Продолжуваме со континуирана поддршка на студентите преку организирани посети и летна пракса. Оваа година, вкупно 121 студент од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и 15 студенти од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип го посетија нашиот Оддел за производство. 14 студенти од повеќе факултети преку систем на ротации во различни оддели се стекнаа со практично искуство. Програмата беше специјално дизајнирана за да ги надополни теоретските знаења на студентите со реални индустриски искуства.
- Преку пракса за средношколци, веруваме дека им овозможуваме на младите директен увид во современите процеси на фармацевтското производство, со што полесно би се одлучиле да го продолжат своето образование или пак да започнат со својата кариера во областа на фармацијата.

Бевме домаќини на група од 19 ученици од СУГС „Марија Кири - Склодовска“, кои својата феријална пракса ја извршија во нашите производни погони и лаборатории. Оваа форма на практично образование им овозможува на учениците да стекнат вештини, знаења и навики, кои се клучни за вршење на работните задачи согласно нивната квалификација. Дополнително, Реплек е домаќин за ученици во рамките на дуалното образование, каде што им се овозможува практична обука и подготовка за вклучување во индустриските процеси.

Овие иницијативи ја истакнуваат компанијата како клучен фактор во градењето на идните експерти во фармацевтската индустрија. Преку соработката со академските институции, создаваме платформа за континуирано усовршување, размена на знаење и стекнување практично искуство во современите процеси на производство на лекови.



За вработените

Прдоложуваме и понатаму да градиме сигурна и безбедна средина за работа, и креираме можност за раст и развој на вработените. За да осигуриме дека нашите активности и стратегии за управување со луѓето се во согласност со нашите цели и водат кон посакуваните резултати, повторно спроведовме анкета за мислењето и задоволството на вработените.

Резултатите од анкетата покажаа дека **82%** од вработените се задоволни од работењето во компанијата, и од бенефитите кои ги имаат. Затоа програмата за 2024та години за дополнителни бенефити за вработените ја задржавме и ја унапредивме. Како новитет воведовме **хибриден модел** на работење, а во месец ноември ја отворивме и новата **кафетерија** на Реплек наменета за вработените.

Дополнително спроведовме и детално истражување на организациската култура, добросостојбата на вработените, ефективноста на раководството и стратегијата за промена и раст на компанијата. Како резултат на ова истражување, компанијата го доби престижниот сертификат **„Great Employee Experience 2024“** во рамки на **Quintaum Employee Experience Certification Program MACEX 2024.**

Ова признание ја истакнува храброста и визијата на Реплек за поставување повисоки стандарди за искуството на вработените и за создавање одлично место за работа и живот. Како уште една потврда за нашите иницијативи е и наградата за **најпосакуван работодавач во 2023** година во категоријата **Најуспешен РЕбрендинг!**

Споделувајќи ги своите практики, Реплек придонесува во развојот на професијата управување со луѓето преку учество и покровителство на неколку настани кои ја одбележија 2024 та година.

- Домаќини на првиот HU-CA-THON, иницијатива за зајакнување на човечкиот потенцијал. Преку креативни работилници и продукција на каталог на ефективни HR практики, ги споделивме нашите примери од праксата кои се применливи за македонските компании.
- Покровител на престижниот настан за доделување на **HR наградите за 2023** година, организиран од **Македонската Асоцијација за Човечки Ресурси (МАЧР).** Овој настан е важен момент за HR заедницата во Македонија, каде што се признаваат и наградуваат најдобрите практики и достигнувања во областа на човечките ресурси.
- Панелист на тема „**Негување култура на вклученост: поттикнување на значајни врски меѓу клиентите и вработените“**. Овој настан се одржа во рамките на **втората меѓународна конференција Firestarter24: Customer and Employee Experience**, која собра експерти и лидери од различни индустрии за да ги споделат своите најдобри практики и искуства.

Го започнавме новиот циклус од **Програмата за управување со таленти**.. Оваа година ја проширивме бројката и **10 наши колеги**, нови учесници во програмата, започнуваат со обуки, преку кои ќе ги унапредат своите вештини за комуникација, преговарање и презентирање, управување со време и промени, лидерство, стратешко управување и носење одлуки.

За прв пат започнавме со **програма за развој на лидери**, наменета за менаџерскиот тим. Програмата е заснована врз принципи и модели на современото лидерство, ставено во функција на создавање на психолошка безбедна и охрабрувачка средина во компанијата, постигнување на поставените бизнис цели и унапредување на организациската култура. Истата е во траење од една година.


За да обезбедиме можности за дружење со колегите, тимски учествуваме на неколку трки, за прв пат организиравме тим билдинг за сите вработени и предновогодишна забава.

Во Реплек, здравјето и безбедноста на вработените се приоритет


Во 2024та година покрај редовните обуки за безбедност и здравје се посветивме и на превенција и одржување на физичкото и менталното здравје на вработените.

Реализиравме неколку едукативни работилници од интерактивен карактер каде вработените имаа можност да слушнат мислење, совети и да дискутираат на повеќе теми од експерти во повеќе области.

- „Здрава жена, среќна жена“ – фокусирана на женското здравје.
- „Во здравјето е силата“ – посветена на машкото здравје.




Подеднакво се грижиме и за животната средина



Во согласност со регулативата, како и нашата Политика за животна средина како пристап кон одржлив развој, се стремиме влијанието кон животната средина од нашето работење, да го ублажиме, да дадеме ефикасен одговор на сите еколошки предизвици и да го докажеме нашето општествено одговорно дејствување.

- Подигнувањето на свеста за заштита на животната средина е одговорност на секој вработен, а тоа вклучува рационално користење на ресурси и одговорно управување со отпадот. Компанијата ги применува принципите на 3R (Reduce, Reuse, Recycle) за успешно рециклирање и намалување на отпадот. Правилната селекција на отпадот како наша одговорност придонесува до негово успешно рециклирање, помалку отпад се депонира на депониите, а со тоа допринесуваме до помало влијание врз животната средина. Во 2024 година, беа селектирани 60 Тони неопасен отпад по категории (хартија, пластика, метал, стакло и електронски отпад).
- На 30.10.2024 година бевме домаќини на експерти од Министерството за животна средина и просторно планирање и на експерти од CIEEL - Centre of International and European Economic Law од Солун, Република Грција. Поводот за оваа средба беше изборот на нашата компанија како пример за добра индустриска пракса во делот на заштита на животната средина, во рамките на проектот MK 20 IPA EN 02 22, кој има за цел да ги зајакне капацитетите на институциите и операторите во индустријата за ефективна имплементација на правните норми и принципи на ACQUIES во областа на индустриското загадување. Ова е клучно за подобрување на еколошките перформанси и за исполнување на европските стандарди. РЕгенерирајќи ја својата еколошка стратегија, Реплек уште еднаш ја демонстрира својата лидерска улога во заштитата на животната средина.
- Потпишавме меморандум за соработка со Технолошко-металуршки факултет и активно учествуваше во поддршката на „Првата конференција за зелено инженерство, одржливи материјали и технологии за циркуларна економија“, организирана од факултетот. Овој настан беше одлична платформа за размена на идеи и најдобри практики меѓу академиците и индустријата, со посебен фокус на одржливост и иновации во инженерството.

Во 2024 годинина работевме на надоградување на RAP (Replek Administrative Practice) системот, кој влезе во финална фаза во ноември 2024 година . Во склоп на овој систем имаме аудит за системите за квалитет и заштита на животната средина (ISO 9001:2015) и (ISO 14001:2015) од страна на меѓународното сертификационо тело SGS , каде со највиски оценки без неусогласености беше оценет нашиот систем за квалитет и заштита на животната средина.



09

БЛАГОДАРНОСТ И ПРИЗНАНИЕ

Благодарност и признанине

Со посебна гордост и благодарност, сакаме да го истакнеме вложениот труд, посветеноста и професионализмот на целиот наш тим во изминатата година. Нивната ангажираност и континуирана заложба за извонредност беа клучни за остварувањето на нашите стратешки цели и деловни успеси.


Исто така, упатуваме искрена благодарност до нашите акционери, партнери, клиенти и соработници за нивната доверба и поддршка. Вашата посветеност и верба во нашата визија нè мотивираат да се стремиме кон постојано унапредување, иновации и постигнување уште поголеми резултати.

На крај, но не и помалку важно, изразуваме признание кон нашите надзорни и регулаторни органи за нивната конструктивна соработка и насоки, кои придонесуваат за стабилен и одржлив развој на нашата компанија.

Со заеднички сили, продолжуваме да ја градиме иднината со уште поголема амбиција, посветеност и успех.

Реплек АД Скопје

Претседател на управен одбор
Душан Пецовски



Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-1630/1
13.03 2025 год.
СКОПЈЕ

Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративни управување

Ние, членови на Управниот одбор на Друштвото Реплек АД Скопје, изјавуваме дека во своето работење РЕПЛЕК АД Скопје го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонската берза АД Скопје, објавен на интернет страната www.mse.mk .

Друштвото Реплек АД Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување, предвидени во Кодексот според пристапот „Примени или појасни зошто не си применил", преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со ова потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ – НЕТ и на интернет страницата на Друштвото Реплек АД Скопје и дека одговорите на истите се точни, вистинити и веродостојно ја отскикуваат промената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на Друштвото Реплек АД Скопје, пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Скопје, 13.03.2025,

Изјавиле,

РЕПЛЕК АД Скопје
Управен одбор

Претседател,
Душан Пецовски

Друштво за медицинско снабдување РЕПЛЕК АД Увоз-извоз Скопје

Членови на Управен одбор:

Коста Котевски _____

Марјан Велковски _____

Панче Гелевски _____


replek
За мое добро.

РЕПЛЕК АД Скопје

ПРИЛОГ 2 – КОНСОЛИДИРАНА ГОДИШНА СМЕТКА

ЕМБС: 04069927
Целосно име: Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Консолидирана годишна сметка
Тип на документ: Консолидирана годишна сметка
Година : 2024

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози
Финансиски извештаи

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
1	- - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)	2.225.247.111,00			1.939.879.989,00
2	- - I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008)	337.868.160,00			22.159.651,00
4	- - Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	296.086.349,00			
7	- - Нематеријални средства во подготовка	19.114.697,00			
8	- - Останати нематеријални средства	22.667.114,00			22.159.651,00
9	- - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)	1.488.683.371,00			1.510.559.603,00
10	- - Недвижности (011+012)	691.528.450,00			709.623.833,00
12	- - Градежни објекти	691.528.450,00			709.623.833,00
13	- - Постројки и опрема	654.265.025,00			707.638.360,00
14	- - Транспортни средства	9.849.183,00			13.058.828,00
15	- - Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел	54.932.070,00			60.808.075,00
17	- - Аванси за набавка на материјални средства	54.609.644,00			1.804.725,00
18	- - Материјални средства во подготовка	23.498.999,00			17.625.782,00
20	- - III. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ	398.695.580,00			407.160.735,00
36	- - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	1.058.253.847,00			969.946.034,00
37	- - I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)	478.350.473,00			454.460.648,00
38	- - Залихи на суровини и материјали	262.345.314,00			307.754.740,00
39	- - Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	18.945.050,00			16.214.914,00
40	- - Залихи на недовршени производи и полупроизводи	38.516.068,00			33.459.269,00
41	- - Залихи на готови производи	85.480.439,00			91.831.097,00
42	- - Залихи на трговски стоки	73.063.602,00			5.200.628,00
45	- - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	469.830.602,00			272.255.394,00
47	- - Побарувања од купувачи	400.257.508,00			179.313.132,00
48	- - Побарувања за дадени аванси на добавувачи	31.208.140,00			32.616.198,00
49	- - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	38.316.346,00			60.077.001,00

50	- - Побарувања од вработените	48.608,00			249.063,00
59	- - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	110.072.772,00			243.229.992,00
60	- - Парични средства	110.072.772,00			243.229.992,00
62	- - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	24.561.180,00			8.526.020,00
63	- - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	3.308.062.138,00			2.918.352.043,00
64	- - В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА	69.547.756,00			68.639.409,00
65	- - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	2.367.887.299,00			2.215.155.476,00
66	- - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	886.020.801,00			886.020.801,00
68	- - III. СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-)	172.496.663,00			172.496.663,00
70	- - V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА	485.258.930,00			485.636.836,00
71	- - VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)	380.879.017,00			296.015.357,00
72	- - Законски резерви	164.104.551,00			79.240.891,00
74	- - Останати резерви	216.774.466,00			216.774.466,00
75	- - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА	564.030.354,00			439.350.831,00
77	- - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	224.194.860,00			280.628.314,00
79	- - XI. ГЛАВНИНА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МАТИЧНОТО ДРУШТВО	2.367.887.299,00			2.215.155.476,00
81	- - Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	851.680.593,00			623.145.009,00
85	- - II. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 086 до 093)	183.669.323,00			98.066.578,00
90	- - Обврски по заеми и кредити	183.669.323,00			98.066.578,00
95	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	668.011.270,00			525.078.431,00
97	- - Обврски спрема добавувачи	307.324.942,00			198.493.197,00
98	- - Обврски за аванси, депозити и кауции	98.741.039,00			109.456.856,00
99	- - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати	23.570,00			10.256.693,00
100	- - Обврски кон вработените	1.600,00			19.831.282,00
101	- - Тековни даночни обврски	21.432.688,00			16.708.701,00
104	- - Обврски по заеми и кредити	237.696.157,00			168.441.731,00
106	- - Обврски по основ на учество во резултатот	2.663.691,00			1.656.591,00
108	- - Останати краткорочни обврски	127.583,00			233.380,00
109	- - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)	88.494.246,00			80.051.558,00
111	- - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	3.308.062.138,00			2.918.352.043,00
112	- - В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА	69.547.756,00			68.639.409,00

Биланс на успех

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за	Претходна година

				тековна година	
201	- - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)	2.004.169.757,00			1.870.258.043,00
202	- - Приходи од продажба	1.948.034.509,00			1.578.970.711,00
203	- - Останати приходи	52.391.668,00			288.172.134,00
204	- - Залихи на готови производи и недовршено производство на почетокот на годината	132.930.542,00			89.272.492,00
205	- - Залихи на готови производи и недовршено производство на крајот на годината	147.093.851,00			136.042.886,00
206	- - Капитализирано сопствено производство и услуги	3.743.580,00			3.115.198,00
207	- - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)	1.741.383.988,00			1.609.463.643,00
208	- - Трошоци за суровини и други материјали	685.501.379,00			676.144.747,00
209	- - Набавна вредност на продадените стоки	231.255.383,00			90.431.989,00
211	- - Услуги со карактер на материјални трошоци	71.977.249,00			59.445.626,00
212	- - Останати трошоци од работењето	92.263.739,00			74.526.548,00
213	- - Трошоци за вработени (214+215+216+217)	508.437.825,00			392.553.316,00
214	- - Плати и надоместоци на плата (нето)	300.774.251,00			244.850.046,00
215	- - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	28.066.628,00			22.229.212,00
216	- - Придонеси од задолжително социјално осигурување	127.259.092,00			103.542.210,00
217	- - Останати трошоци за вработените	52.337.854,00			21.931.848,00
218	- - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	112.059.935,00			65.018.676,00
219	- - Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства	8.305.305,00			232.830.135,00
220	- - Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства	9.834.784,00			4.589.813,00
222	- - Останати расходи од работењето	21.748.389,00			13.922.793,00
223	- - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)	2.815.817,00			3.416.233,00
231	- - Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	2.815.817,00			3.416.233,00
234	- - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)	22.023.869,00			16.464.686,00
239	- - Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	15.590.447,00			10.886.483,00
240	- - Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	6.433.422,00			5.465.992,00
243	- - Останати финансиски расходи				112.211,00
246	- - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)	257.741.026,00			294.516.341,00
250	- - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	257.741.026,00			294.516.341,00
252	- - Данок на добивка	33.546.166,00			13.888.027,00
255	- - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	224.194.860,00			280.628.314,00
257	- - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	433,00			426,00
258	- - Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12,00			12,00
259	- - ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОД	224.194.860,00			280.628.314,00
260	- - Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	224.194.860,00			280.628.314,00
264	- - ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА	942,00			11.493,00
269	- - Добивка за годината	224.194.860,00			280.628.314,00
271	- - Останата сеопфатна добивка (273+275+277+279+281+283) -				513.985.989,00

	(274+276+278+280+282+284)				
279	- - Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства				513.985.989,00
286	- - Нето останата сеопфатна добивка (271-285)				513.985.989,00
288	- - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	224.194.860,00			794.614.303,00
289	- - Сеопфатна добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво				280.628.314,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
605	- - Сегашна вредност на софтвер со лиценца (< или = АОП 004 од БС)	296.086.349,00			
612	- - Сегашна вредност на градежни објекти од високоградба кои се користат за вршење дејност (< или = АОП 012 од БС)	691.528.450,00			709.623.833,00
615	- - Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 013 од БС)	15.210.368,00			15.215.654,00
626	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси дадени на нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата (< или=АОП 006+АОП 017+АОП 030+ АОП 046+ АОП 047+АОП 048 ОД БС)	225.331.149,00			110.034.857,00
627	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси дадени на органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (<или=АОП 030+АОП 046+АОП 047+АОП 048 ОД БС)				5.098.823,00
628	- - Останати побарувања од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата (< или=АОП 034+ АОП 046+ АОП 047+АОП 051+ АОП 062 ОД БС)	8.657.868,00			7.273.497,00
629	- - Останати побарувања од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или= АОП 034+АОП 035+АОП 047+АОП 049+АОП 051+АОП 062 ОД БС)	38.316.346,00			60.077.001,00
630	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси и останати побарувања од сите субјекти во земјата и странство (< или=АОП 006+АОП 017+АОП 030+АОП 034+АОП 035+ АОП 046+ АОП 047+АОП 049+ АОП 050+АОП 051+АОП 057+АОП 062 ОД БС)	477.711.141,00			249.969.941,00
635	- - Обврски по основ на набавка на стоки и услуги и аванси (краткорочни трговски кредити) примени од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата(< или =АОП 096+АОП 097+ АОП 098+АОП 108 ОД БС)	201.628.250,00			101.058.507,00
638	- - Останати обврски кон органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или=АОП	21.459.638,00			27.008.961,00

	092+АОП 093+АОП 094+ АОП 099+ АОП 101+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС)				
639	- - Обврски по основ на трговски кредити, аванси и останати обврски кон сите субјекти во земјата и странство (вкупно) (< или=АОП 092+АОП 093+АОП 094+ АОП 096+ АОП 097+ АОП 098+ АОП 099+ АОП 100+ АОП 101+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС)	500.920.856,00			434.678.989,00
640	- - Приходи од продажба на стоки и услуги (АОП 641+ АОП 642) (< или = АОП 202 од БУ)	1.948.034.509,00			1.213.458.783,00
641	- - Приходи од продажба на стоки (< или = АОП 202 од БУ)	1.948.034.509,00			1.213.458.783,00
643	- - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар (< или = АОП 202 од БУ)	492.081.084,00			349.398.236,00
644	- - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на странски пазар (< или = АОП 202 од БУ)	1.427.640.170,00			1.213.222.178,00
645	- - Приходи од продажба на производи, стоки и услуги во држави членки на ЕУ (< или = АОП 202 од БУ)	51.490.958,00			80.907.695,00
647	- - Приходи од наемнина (< или = АОП 202 од БУ)	27.968.019,00			16.180.414,00
650	- - Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства (< или = АОП 203 од БУ)	253.228,00			108.295,00
654	- - Приходи од вишоци (< или = АОП 203 од БУ)	2.333.460,00			1.747.571,00
655	- - Наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски (< или = АОП 203 од БУ)	4.949.440,00			839.703,00
657	- - Приходи од премии, субвенции, дотации и донации (< или = АОП 203 од БУ)	2.741.824,00			1.878.072,00
661	- - Останати приходи од работењето (< или = АОП 203 од БУ)	42.113.761,00			34.590.842,00
667	- - Расходи на продадени производи и услуги	1.192.648.035,00			1.369.954.443,00
668	- - Трошоци за суровини и материјали (< или = АОП 208 од БУ)	636.984.971,00			629.954.871,00
671	- - Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ)	891.301,00			1.099.073,00
672	- - Трошоци за амбалажа (< или = АОП 208 од БУ)				234.454.709,00
673	- - Униформи-заштитна облека и обувки (< или = АОП 208 од БУ)	4.458.936,00			4.646.348,00
674	- - Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ)	915.357,00			1.033.363,00
676	- - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ)	21.097.528,00			19.000.355,00
677	- - Потрошени енергетски горива (< или = АОП 208 од БУ)	11.816.826,00			7.310.481,00
678	- - Потрошени резервни делови и материјали за одржување (< или = АОП 208 од БУ)	14.601.423,00			15.058.965,00
679	- - Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) (< или = АОП 208 од БУ)	577.131,00			421.728,00
680	- - Транспортни услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	401.242,00			344.935,00
681	- - Транспортни услуги во странство (< или = АОП 211 од БУ)	9.107.012,00			8.109.168,00
682	- - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	1.436.850,00			2.022.834,00

683	- - ПТТ услуги во странство (< или = АОП 211 од БУ)	888.086,00			402.970,00
687	- - Наемнини за опрема (< или = АОП 211 од БУ)	2.385.739,00			
691	- - Вкалкулирани надомести за време на боледување	1.238.625,00			6.231.335,00
692	- - Надоместоци за отпремнина при заминување во пензија (< или = АОП 217 од БУ)	881.926,00			884.326,00
693	- - Еднократен надоместок во вид на испратнина заради трајно работно ангажирање под услови утврдени со закон (< или = АОП 217 од БУ)	1.433.799,00			884.855,00
695	- - Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ)	13.646.063,00			8.393.666,00
696	- - Помошти (< или = АОП 217 од БУ)	396.666,00			347.078,00
698	- - Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци (< или = АОП 217 од БУ)	5.780.624,00			2.910.489,00
699	- - Дневници за службени патувања (< или = АОП 217 од БУ)	1.711.185,00			917.820,00
700	- - Надомести на трошоците на вработените и подароци (< или = АОП 217 од БУ)				7.693.546,00
704	- - Трошоци за организирана исхрана во текот на работа (< или = АОП 217 од БУ)	11.503.226,00			7.870.958,00
706	- - Надомести на ангажирана работна сила преку агенциите за привремени вработувања (< или = АОП 217 од БУ)				45.300,00
707	- - Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	5.331.656,00			9.594.666,00
708	- - Трошоци за спонзорства (< или = АОП 212 од БУ)	2.164.978,00			4.346.054,00
709	- - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ)	23.136.553,00			19.791.722,00
710	- - Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ)	9.830.783,00			1.512.447,00
711	- - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ)	3.714.602,00			3.133.403,00
712	- - Даноци кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ)	1.416.547,00			1.391.044,00
713	- - Придонеси кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ)				16.598,00
714	- - Членарини на здруженијата во земјата и странство (< или = АОП 212 од БУ)	179.960,00			88.432,00
715	- - Надоместоци за повремени и привремени работи (< или = АОП 217 од БУ)	5.519.462,00			482.277,00
716	- - Надоместоци на име авторски хонорари (< или = АОП 217 од БУ)	993.063,00			574.321,00
717	- - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ)	33.067.852,00			25.661.124,00
718	- - Казни, пенали надоместоци за штети и друго (< или = АОП 222 од БУ)	109.325,00			348.518,00
721	- - Исплатени дивиденди	66.220.800,00			
722	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	433,00			426,00
723	- - Просечен број на вработени во седиштето на субјектот врз основа на состојбата на крајот на месецот	361,00			432,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
4145	- 21.200 - Производство на фармацевтски препарати	102.854.721,00			
4362	- 46.460 - Трговија на големо со фармацевтски и медицински производи	1.884.333.449,00			
4384	- 47.120 - Друга неспецијализирана трговија на мало	19.797.404,00			

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.